Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет

Институт за историја на уметноста и археологија

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# МОНЕТНИ ДЕПОА ОД СТОБИ
# COIN HOARDS FROM STOBI

Ментор: проф. д–р Антонио Јакимовски

Кандидат: Милена Решкова

Скопје 2019

**Содржина**


**I. Вовед** ....................................................................................................2

**II. Историјат на истражувања на нумизматичкиот материјал од Стоби** ..4

**III. Депо на римски републикански денари** .................................................. 8

**IV. Депо од империјални денари и антонинијани** ...................................... 13

**V. Доцноримски депоа** .................................................................................. 17

V.1. Депо од нумуси со *terminus post quem* 311 година ............................ 17

V.2 Депоа од театарот .................................................................................. 23

- Депо I од нумуси со *terminus post quem* 355-361година .......................... 23

- Депо II од солиди и силикви со *terminus post quem* 375-378 год........... 25

- Депо III од нумуси со *terminus post quem* 383-388 год. .......................... 28

V.3. Две депоа од субурмиумот над Западната некропола ....................... 32

V.4. Монетни депозити како гробни наоди ............................................... 37

V.5 Монетна циркулација во Р.Македонија во доцноантичкиот период .. 38

V.6. Историските настани и нивното влијание во Стоби во доцноантичиот период. ........................................................................................................ 43

**VI. Рановизантиски депоа** ............................................................................. 48

VI.1. Депоа Стоби A, Стоби B, Стоби C и Стоби D .................................. 48

VI.2. Депоа Стоби E, Стоби F и Стоби G .................................................... 52

VI.3. Депоа Стоби H и Стоби I ..................................................................... 65

VI.4. Монетна циркулација во Р.Македонија во VI век. .......................... 72

VI.5. Историските настани и нивното влијание во Стоби во VI век ........ 74

**VII. Заклучок** ................................................................................................... 77

**VIII. Каталог на депоата** ................................................................................ 84

Каталог депо Стоби E ....................................................................................... 84

Каталог депо Стоби F ....................................................................................... 94

Каталог депо Стоби I ....................................................................................... 109

**Кратенки на референтни каталози** ........................................................ 114

**Библиографија** ........................................................................................... 115

**Извештаи од археолшки истражувања** ................................................. 120

**I.Вовед**

Монетите како наоди истовремено обединуваат политички, социјални, уметнички и економски интереси. Тие како производ на политичка одлука, влегуваат во циркулација за државни исплати, потоа стануваат инструмент за економска размена. Нивните претстави и натписи зборуваат за самоперцепијата на владетелите или целите општества. Колективните наоди на монети како чин на скриени вредности, може да биде предизвикано од повеќе причини, меѓу кои се воените дејства, економски фактори, заветни дарови, па и лични судбини. Но, генерално, најчесто засолнувањето на пари е последица на воени дејства.

Монетните депоа се секогаш интересен наод за проучување затоа што пружат повеќе видови на информации од различни аспекти. Од археолошка гледна точка монетите, посебно како депониран наод се сигурен индикатор за датирање на културниот слој на кој припаѓаат. Што се однесува до нумизматиката тие се одличен пресек на монетната циркулаја во одреден период на определено место. И секогаш се поставува прашањето зошто одредено депо е депонирано. За да се одговори на ова прашање потребно е да се согледаат сите аспекти на проучување на едно депо. Начинот на депонорање, културниот контекс на депото, компарација на содржината на депото со циркулацијата на монети во одредениот период природна за регионот, социјалните, економските и воено-политичките случувања во областа.

Стоби со неговата многу поволна географска местоположба, на уливот на Црна река во Вардар, од мала пајонска населба прерасунува во еден од најзначајните римски градови во Македонија. Градот во врмето на Август е *oppidum civium Romanorum* (населба на римски граѓани) со *ius Italicum* (италско граѓанско право), а во времето на Веспазијан се издигнува во ранг на муниципиум (*Municipium Stobensium*). Со доселувањето на голем број Италци и друго романизирано население во раноцарскиот и средноцарскиот период градот зафаќа површина од 20 хектари, опфатени со одбрамбен ѕид.

По пустошењата од Херулите и Готите во 267-269 година во кое настрадало и Стоби, настапува мирно време во период од повеќе од еден век во кое градот бил обновен и го доживеал својот најголем просперитет. Стоби се здобил со низа приватни и јавни

репрезнтативни градби. Во ова време Стоби бил значаен христијански центар, црковниот живот е потврден со повеќе цркви во градот и непосредната оклина. Наспроти најголемата епискоската базилка бил оформен мал полукружен плоштад, врамен со трем од кој се влегувало во десетина дуќани.

По Хунското уривање во средината на V век започнува т.н. постурбана градежна фаза во Стоби, врз сите доцноантички стамбни објекти констатирани се примитивни објекти со неградски обележја. Ѕидовите им се фундирани врз поранешните мозаични и други подови, а градени се од материјал собран од постари урнатини и врзани со кал. Основите на овие куќи и колиби се неправилни, а каде што било можно, тие се вклопувани во урнатите римски градби. Градскиот живот во оваа форма продолжува до деветтата деценија на шестиот век кога градот е напуштен поради Аваро – Словенските наезди.

Во Стоби се откриени шеснаесет депоа од различните периоди во кои градот опстојувал. Осум од овие депоа се публикувани или делумно публикувани, а останатите осум се откриени со истражувањата од 2009 година, 2010, 2012 и 2014 год. Поради податливоста на депоата и прашањата кои се отвараат за причините на нивното депонирање, сметам дека е и повеќе од потребно изготвување на труд за депоата од Стоби.

Целта на трудот е детално да ги елаборира сите монетни депоа од Стоби, во контекс на периодот на кој припаѓаат. Со детална анализа на содржината на депоата, согледување на историските случувања и компарација на слични наоди во оклоните градови, да се увиди под какви околности, згоди и незгоди, граѓаните на Стоби ги засолнувале своите пари. Исто така со овој труд за депоата од Стоби ќе придонесе да се утврди монетната циркулација во одредените периоди во кои градот опстојувал.

## II. Историјат на истражувања на нумизматичкиот материјал од Стоби

Стоби со неговата многу поволна географска местоположба, на уливот на Црна река во Вардар, од мала пајонска населба прерасунва во еден од најзначајните римски градови во Македонија. Локалитетот Стоби со неговата долгогодишна историја на истражување е еден од најистражените градови во Македонија. Во Стоби се истражува повеќе од еден век со повремени прекини. Со долгогодишните ископувања е создаден голем фонд на нумизматички материјал. Нумизматичката збирка во Националната установа Стоби брои 13012 монети откриени со ископувањата од 1963 до 2016 година. Бројот на монети во збирката се зголемува секоја година со новите археолошки ископувања.

Голем дел од овие монети, поточно 4416 монети откриени со ископувањата до 2008 година, се опфатени во магистерскиот труд на Биљана Јовановска на тема "Циркулација на монети во Античкиот град Стоби". Во овој магистерски труд прецизно се идентификувани 1198 монети и направен е каталог во три целини: Хеленистички период – 52 монети; Раноцарски период - 158 монети и Доцна антика - 988 монети.[1] Со сеопфатана анализа на овие монети дадена е јасна слика на присуството на монети во Стоби до 457-475 година. Единствено во овој труд не е опфатен шестиот век кој му припаѓа на рановизантискиот период на монетоковање, а воедно е и последниот век на градско живеење во Стоби. Исто така во овој труд не се опфатени и депоата на монети откриени до 2008, опфатено е само едно депо на бронзени монети откриено во 1998 година на Театарот.[2]

Првото депо откриено во Стоби е во далечната 1932 година со систематските истражувања водени од Народниот музеј од Белгард во периодот од 1924 до 1940 година. Депото е откриено северно од Епископската базилика и е составено од пет солиди и тоа два ковани во времето на Јустинијан I и три во време на Јустин II.[3]

Во 1971 година со ископувањата на Синагога-Базилика во склоп на систематските истражувања во периодот од 1970 до 1980 година, под нивото на Синагогата, во јама со

---

[1] Јовановска Б., 106-251.
[2] Јовановска Б., 4-6.
[3] Радић В, Иванишевић В., 2006, 106 и 126.; Hadži-Maneva M., 2009, 123.

мали димезии, биле поставени два керамички садови со монети. По содржината од 504 денари, еден викторијат и една атинска тетрадрахма ова депо е и најстаро депо во Стоби со најмлада монета од 125 година пр.н.е. Michael H. Craword го побликува ова депо во "Studies in the Antiqтies of Stobi" во 1973 година.[4]

Со ископувањето на скената на театарот во 1974 година, во централната просторија од скената – светилиште на Немеза, точно на средината од просторијата под земјиниот под е откриено депо од 4 златни и 68 сребрени монети.[5] Овој исклучетелно редок колективен наод од солиди и силикви со terminus post quem 375-378 г. е публикуван во 2001 година од Маја Хаџи-Манева.[6]

Во 1981 година во просторија II во североисточниот агол од објектот наречен Коцкарница откриено е депо од 69 монети.[7] Најмлада монета во ова депо е монета од Маврикиј искована во 583-584 година.[8]

На Театарат со археолошките – конзерваторски работи во 1988 година е откриено депо од 206 бронзени монети. Најмладите монети од ова депо припаѓаат на емисиите ковани помеѓу 355-361 година. И ова депо е публикувано во Macedonian Numismatic Jurnal.[9]

Со археолошките ископувања на Палатата на Перистерие во 2005 година откриени се две депоа. Првото е откриено во просторијата со скалила и содржи 367 монети и други скапоцености.[10] Другото депо брои 169 бронзени монети. И на двете депоа terminus post quem е 583-584 или 584-585 година.[11]

Исто така во 2005 во рамките на проектор "Римски Форум" пронајдено е депо на римски денари и антониниjани, вкупно 305 монети. Депото е пронајдено во слој од шут во кој подоцна биле вкопани доцноримски гробови.[12] Додека пак со ископувањата во 2007 и 2008 година, во еден од гробовите, гроб бр. 2190 во десната рака на покојникот најден е

---

[4] Crawford M., 1973,1-21.
[5] Gebhart E.,1981, 18.
[6] Хаџи-Манева М., 2001, 71-83.
[7] Иванович Д., 1981, 3.
[8] Morrisson C., Popvić V., Ivanišević V., 2006, 209.; Hadži-Maneva M., 2009, 123.
[9] Vinčić Ž., Hadži-Maneva M., 2000, 55-76.
[10] Велковски М., 2005
[11] Hadži-Maneva M., 2009, 123.
[12] Шурбанобска М., Јакимовски А., 2010, 242.

коскен предмет во кој се пронајдени 11 монети. Најмладата му припаѓа на Валенс искована помеѓу 364-368 година. Исто така во гробот 2196 во десната рака на покојникот се пронајдени 35 монети.[13]

Националната Установа за управување со археошкиот локалитет Стоби од 2009 година отпочна со реализирање нови систематски ископувања кои се изведуваат секоја година. Со ископувањата од 2009 до 2016 година откриени се 8053 монети, но за жал заради бавниот процес на механичко чистење на монетите и недостиг на стручен конзерваторски кадар, конзервирани се 1509 монети од кои 1020 се прецизно идентификувани и влезени во музејската збирка на нумизматички материјал

Со новите ископувања се откриени осум депоа кои не се публикувани. Во 2009 година на Стоби беа ископани многу станбени објекти на просторот над полукружниот плоштад, датирани во шестиот век. Во еден од објектите (работно наречена куќа D), се открија три рановизантиски депоа. Првато депо е откриено во просторијата D1, на влезот од главната улица. Другите две депоа се откриени во истата куќа, во просторија до бедемот наречена просторија D4. Овие три депоа беа презентирани на Македонскиот Археолошки Симпозиум одржан во 2010 година во Струмица, но сеуште не се публикувани.[14]

Исто така во 2009 година се ископуваше и Западна Некропола. Најмладите активноти на просторот на Западната Некропола укажуваат на простор за живеење таканречен субурбиум. Во една од просторите пронајдени се две депоа, едното брои 209 монети, а другото 60 монети. За жал овие монети сеуште не се конзервирани, но со оглед на контексот на наоѓање и формата на монетите овие две депоа припаѓаат на доцноатичкиот период.

Во 2010 година во секторот Полукружен плоштат беше направено статиграфско сондирање во две сонди. Во едната сонда, квадрат D2 сектор 75 откриено е депо од девет фолеси со многу мал временски распон меѓу најстарата монета (искована во 304-305 година) и најмладата (искована во 311година).

---

[13] Шурбанобска М., Јакимовски А., 2010, 96.
[14] Депоата се спомнати во текстот Early byzantine coin circulation in Macedonia Secunda на Хаџи-Манева.

Во 2012 година исто на секторот Полукружен плоштад се откриени две рановизантиски депоа. Едното депо е депо од четири тремизи, а другото е депо брои 43 бронзени монети , фолеси и полуфолеси.

Со заштитните археолошки ископувања во рамките на проектот за конзервација, реставрација и реконструкција на источната половина на ima cavea на театарот во Стоби во 2014 година во квадратот Е3 во ѕидот кој припаѓа на источната аналема е документирано депо од 70 бронзени монети, скриено во правоаголен отвор за скеле. Монетите од ова депо не се конзервирани, но по формата тие припаѓаат на доцноримскиот период.

Кога се зборува за нумизматичиот материјал од Стоби задолжително е да се спомене трудот на Перо Јосифовски за Римската монетарница во Стоби. Тој преку 544 примероци на монети од повеќе јавни и приватни збирки ни дава детални податоци за работата на Стобската монетоковница која била активна околу 150 години (73-217 година).[15] Што се однесува на циркулацијата на Стобските монети, тие се наоѓаат низ целиот Балкан, но се издвојуваат две главни зони на циркулација: областите кои гравитираат кон реката Вардар и областите околу реката Дунав.[16] Всушнот причината за отварање на Стобската монетоковница е токму недостигот на монетарници во северните области на Македонија и Горна Мезија поради што се чуствувало недостиг на ситни бронзени номинали.[17] Затоа не изненадува тоа што меѓу 544 обработени монети во овој труд само една е од Стоби.[18] Мал дел од монетите исковани во Стоби останувале во циркулација во Стоби, па затоа сеуште не е најдена монета од Стобската монетоковница во депоата од Стоби. И покрај тоа што монетите исковани во стобската монетоковница не се дел од депоата пронајдени во Стоби, сметам дека е неопходно да се спомене овој значаен труд од областа на нумизматиката, а се однесува на Стоби.

[15] Јосифоски П., 2001, 132
[16] Ibid ,128
[17] Ibid , 36
[18] Ibid , 18

## III. Депо на римски републикански денари

Со втората кампања на ископувања  во 1971 година реализирана од Универзитетот од Тексас и Музејот од Велес  направени се стратиграфски сондирања во објектот Синагога-Базилика со цел да се утврдадат стратиграфските слоеви под Базиликата и да се утврди опсегот на Синагогата. Во една од сондите во западниот дел на наосот под подот на Синагога I, во неправилна овална јама, оделена од помала кружна, биле сместени два керамични сада. (Сл.1.) Во поголемиот сад најдени се повеќе од 421 денари (Сл.2) и една тетрадрахма, а во помалиот 67 денари.[19] Иако монетите се најдени во два различни сада сепак станува збор за едно депо.



Сл.1



Сл.2.

[19] Wiseman J., Mano-Zissi Дј., 1972, 407-410.

Депото по својата содржина е типично италско, застапени се скоро сите емисии на ковања од 158 до 125 год.пр.н.е. Иако најстарите денари во депото се од 211 год. пр.н.е., годината во која започнува да емитува денарот, во периодот од 158 до 125 год.пр.н.е. само неколку ретки емисии не се застапени. Единствената атинска тетрадрахма е датирана во 153/2 год. п.н.е. Емисиите на M. Porcius Laeca, најмладите во ова депо се најнезастапени што е разбирливо со оглед дека тие само што влегле во оптек со тоа и во депото. Овие најмладите монети се исковани во 125 г. п.н.е. со мали знаци на истрошеност. M. Crawford верува дека депото било депонирано не многу подоцна од годината на terminus post quem на ова депо т.е. 125 г. пр.н.е.[20]

Првите историографски податоци за Стоби ги среќаваме кај Тит Ливиј ( 59 г.п.н.е – 17 г. п.н.е.) и тие не информираат дека во 197 г. п.н.е. Филип V ги поразил Дарданците во близина на Стоби. Вториот податок зборува дека реката Еригон (Црна) се влева во Аксиос (Вардар), кај "стариот град" Стоби. Третиот податок на Ливиј се однесува на римските освојувања во Македонија во 167 г. п.н.е. кога Стоби станува главен центар за трговија со сол во третата мерида.[21] Со археолошките истражувања се лоцирани и утврдени населбата и некрополата од хеленистичко време. (Сл.3.) Хеленистички гробови се откриени под објектите Домус Фулоника и Палатата на Перистерија кои помогнале во утврување на местоположбата на предримската населба Стоби. Со ископување во објектот Цивилна базилика е констатирано дека под оваа градба лежат остатоци од периферијата на хеленистичката населба. Исто така во




Stobi between 3rd - 1st century BC, hypothetical boundaries.

Сл. 3

[20] Crawford M., 1973,1-7.
[21] Петрова Е., 2003, 11.

соседниот објект Синагога базилика откриена е голема керамичарска печка , на десетина метри одалеченост од депото.[22] Уште четири хеленистички гробови се откриени под Куќата на Перистерија со ископувањата во 2011 година.[23] Стоби во хеленистичко време било мало гратче на површина од 3.5 – 4 хектари.

По победата на Римјаните кај Пидна во 168 г. п.н.е., поразената Македонија била претворена во римски протекторат без воена окупација. Македонија била поделена на четири области (мериди), секоја организирана како административна единица со главен град (Амфипол на Првата, Тесалоника на Втората, Пела на Третата и Пелагонија на четвртата област). Во период од 168-158/7 г. п.н.е. во Македонија не се ковале сребрени пари, но затоа циркулирале други, како тетрадрахмите на Атина од новиот стил заедно со стари кралки ковања биле користени во внатрешната трговија. На почетокот од римската хегемонија (168-166 г.п.н.е.) биле ковани бронзени монети на римските квестори Гај Публилиј и Лукиј Фулкиниј. Монети со своето име коваат и градовите Амфипол, Пела и Тесалоника. Во 166-165 г.п.н.е. била кована една автономна емисија на бронзени пари со необична престава на Силен, а на реверсот *ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ* во бршленов венец. Значајна ковничка активност во Македонија започнала во 158/7 г.п.н.е. со реотварање на сребрените рудници, кои овозможиле некои од областите да коваат и сребрени пари. Во Амфипол, градот кој имал големо влијание врз контролата и работата на сребрените рудници во областа биле ковани тетрадрахми со името на Првата област (*ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΠΡΩΤΗΣ).* Тетрадрахми кова и Тесалоника за втората област (*ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ* ΔΕΥΤΕΡΑΣ). Свои пари едиствено не кова третата област, додека четвртата (*ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΤΕΤΑΡΤΗΣ*) ковала само бронзени монети.

По задушувањето на востанието на Андрикс во 149/8 г.п.н.е., Македонија е претворена во провинција со римски намесник, римски административен апарат, војска и нови даноци. Од трансформацијата во римска провинција ( по 148/6 г.п.н.е.) се до времето на Август (околу 28/7 г.п.н.е.) продукцијата на бронзени пари во Македонија е драстично намалена. Монетарниците во Тесалоника, Пела и во Амфипол во периодот 148-31 г.п.н.е.

[22] Микулчиќ И., 1985, 101-112.
[23] Павловски Г., 2011, 1-11.

повремено коваат бронзени монети за посебни прилики поврзани со римските активности на исток.[24]

Во првиот дел во публикацијата " Монетна циркулација во античка Македонија" од Турасоглу се опфатени депоата од бронзени монети и монети од благородните метали кои го покриваат период од II век п.н.е. до I век. Што се однесува на географската распространетост , бројот на бронзените депоа од источна Македонија (Прва Мерида до 148 г.п.н.е) е поголем од бројот на останатите области (Втора и Трета Мерида), додека сликата е спротивна за сребрените депоа. Горна Македонија (Четвртата област) дава незначителен број депоа. Во поглед на времето на депонирање повеќето бронзени депоа се засолнети во првата половина на II век, депоата од благородни метали во периодот што следи втората половина на II век.[25] Во каталогот на депоата Торasоглу ни презентира повеќе депоа од денари, ама со terminus post quem I век п.н.е или I век. Единствено депото од Стоби е се terminus post quem 125 г. п.н.е.[26] Исто така на територија на Р. Македонија откриени се две депоа на денари кои не се опфатени во трудот на Туратsоглу, двете од I век. п.н.е. Првото е со terminus post quem 48 г.п.н.е. откриено во с. Глишиќ Кавадарци,[27] второто со terminus post quem 58 г.п.н.е., Охридско.[28]

Стобското депо и по толку години од откомивањето претставува исклучително редок наод на голема количина на денари, депонирани не многу покасно од датирањето на најмладата монета т.е. 125 г.п.н.е. По третата македонска војна (171-168 г. п.н.е.) Рим станал доминантна сила на медитеранот, така римскиот денар како валута влегува во циркулација во медитеранскиот простор, вклучувајки ја и територијата на денешна Р. Македонија каде што постепено започнува циркулацијата на римски денари, коишто својата кулуминација ја имале во I век. п.н.е.[29] Заради содржината на депото типично италска која воопшто не одговара на циркулацијата на монети во Македонија, и количината на депонираните пари, 504 денари и една атинска тетрадрахма, овие пари според Крафорд се извлечени од циркулација од Италија и околу 120 г.п.н.е. се донесени преку Јадранско море во Грција и

[24] Јосифовски П., 2013, 932-936.
[25] Touratsoglu Y., 1993, 31-34.
[26] Ibid 63.
[27] Crawford M., 1973,7.; Јосифовски Р., 2013, 957.
[28] ОБ, 2006, 294.
[29] Touratsoglu Y., 1987, 54.;Хаџи-Манева М., 2012, 65.

потоа случајно донесени во Стоби. Исто така Крафорд претпоставува дека сопственикот на овие пари бил во контакт со Грција како трговец, војнички платеник или пират.[30]

Скордисците, келтско племе кое после походот на Делфи во 279 год. пр.н.е. се населиле на уливот на Сава во Дунав на повеќе наврати навлегувале во Македонија, но во средината на II век откако ја опустошиле земјата на најблиски соседи Дарданците, Агријаните и други племиња, си го отвориле патот кон богата и цивилизирана Македонија. Околу 120 година пр.н.е. почнуваат нивните зачестени и опасни навлегувања во римската провинција Македонија. Овие наезди биле чести и силни, и не била загрозена само границата на провицијата тука тие навлегувале и во внатрешноста, така што римските владари сериозно ја сфатиле ситуација на македонското боиште и во периодот између 119 и 108 година во операциите против Скордисците наместо наместникот на провинцијата, се појавуваат конзули со редовна конзуларана војска.[31]

Присуството на римска администрација и римска војска на територијата на провинцијата Македонија, несомнено е причината на присуството на толкава количина на римски денари депонирани во Стоби, исто така најверојатно поради инвазијата на Скордисцити сопственикот на парите не бил во можност да се врати по своето богатство.

---

[30] Crawford M.,1973, 6-7.
[31] Papazoclu F., 1969, 209-229.

## IV. Депо од империјални денари и антонинијани

Во 2003 година е започнат долгорочен проект наречен Римски форум со цел археолошко истражување на еден од јавните објекти во Стоби, кој е еден од малкуте раноримски градби откриени до денес.[32] Во истражувачката кампања во 2005 година откриено е депо со 305 сребрени монети и една бронзена. Меѓу монетите пронајдени се два пара златни обетки, еден сребрен прстен со гема и машки сребрен прстен со гема. Депото е пронајдено во слој од шут, во кој подоцна се вкопани доцноримски гробови. Според зачуваните остатоци , констатирано е дека монетите и накитот биле сместени во кожна вреќичка, потврда за тоа е и слепеноста на монетите при пронаоѓането.[33] (Сл.1)


Сл.1

[32] Шурбанобска М., Јакимовски А., 2010, 237.
[33] Ibid, 242.

Депото содржи еден сестертиј, 50 денари и 254 антонинијани. Застапени се 29 императори и членови на нивните семејства, што покажува голема разновидност и бројност на изданијата. Некои владетели се присутни со по еден примерок ( Антонин Пиј, Ј. Домна, Плаутија, Максим, Гордијан II, Балбин, Маринијана и Галиен, други пак се застапени со значително поголема бројка: Гордијан III – 82 примероци (26,8%), Филип I – 42 примероци (13,7 %), Требониј Гал – 36 примероци (11, 8 %). Според фрекфентноста, најбројни се парите емитувани во периодот помеѓу 238 и 257 година, тие сочинуваат 84,2% од вкупниот број монети на депото. Хронолошки, најстар примерок во депото е единствената бронзена монета, лошо сочуваниот сестертиј на императорот Антониј Пиј (138-161 г.). Помеѓу денарите тое е еден примерок со претстава на Марс на императорот Септимиј Север, римско издание датирано во 198-200 година (RIC IV 134). Најмладото издание е монета на императорот Галиен, антонинијан со претстава на Сол,искован во Медиоланум, датиран 257/8 година (RIC V 397). Оваа монета на императорот Галиен од периодот на заедничко владеење со императорот Валеријан (од 235 до 260 година), укажува на можната дата на закопување на оваа семејно богатство, во 257/8 година или веднаш потоа.[34]

Од 146 г.п.н.е кога Македонија е претворена во провинција до првата половина на I век границита на провицијата се менуваат, најмногу северната граница поради што таа е изложена на постојаните напади на варварските блиски и далечни соседи, Дарданци, Скордисци, Меди, Дентали, Беси и др. Со оформувањето на новите провинции Ахаја, Мезија и Тракија, Македонија се враќа на нејзините стари граници. Границите на Македонија за враме на II и III век на исток се до реката Места, на запад од Јадранското море, северно од Драч преку Шар Планина па северно од Велес, додека на југ граничи со Тесалија која од 27 г.п.н.е дел од Ахаја, а во средината на II век станува дел од Македонија.[35]

Империјалниот период во Македонија , во поглед на монетоковање од благородни метали е окарактеризиран со денари и од времето на Гордијан III и со антонинијани. Исто така интересно е дека во циркулацијата на истите се појавува празен период од околу средината на I век до годините на владеење на Марк Аврелиј, периодот кој кореспондира

---

[34] Јосифовски Р., 2010, 82-89. Депто е публикувано во фаза на обработка, немаме податоци за референци на монетите.

[35] Папазоглу Ф., 1957, 76-87.; Вулић Н., 1934, 238-240.

со времето на мир во регионот. Од друга страна пак со доаѓање на периодот на владеење на династијата на Антонините таканаречените “воени императори” , периодот на внатрешни и надворешни немири е обележан со значаен број депоа. Овие случувања јасно се гледаат од фактот дека штедните депоа или депоа скриени поради силата на околностите биле откриени само од време на владеењата на Гордијан III и неговиот наследник Филип I, т.е од времето кога непријателите пробивајки ги границите, ја донеле линијата на оган во срцето на Римската држава. Во овие години присуството на војски и централна власт на Балканскиот полуостров, обезбедиле распространување на денарите и антонинијаните низ македонскиот регион. Од владеењето на Марк Аврелиј натака и посебно за време на средината на III век, сребрните емисии ја одбележуваат монетната циркулација на овој период, бидејќи не само што се наоѓаат во остави придружени со македонски бронзени монети, но често тие ја сочинуваат целата содржина на нодот.[36]




Stobi between 1st and 3rd century AD.

Сл.2

Стоби во врмето на Август е *oppidum civium Romanorum* (населба на римски граѓани) со *ius Italicum* (италско граѓанско право), а во времето на Веспазијан се издигнува во ранг на муниципиум (*Municipium Stobensium*). Со доселувањето на голем број Италци и друго романизирано население во раноцарскиот и средноцарскиот период градот зафаќа површина од 20 хектари, опфатени со одбрамбен ѕид. (Сл.2)

Улиците на градот се сечеле под прав агол, со две главни улици (*Cardo Decumanus*) и ( *Decumanus maximus*). Од овој период во Стоби се откриени повеќе градби: Театарот, Форумут, Храмот, Римска куќа (*Casa Romana*), Куќата на Полихарм под Синагогата,

[36] Touratsoglu Y., 1993, 38-41.; Микулчиќ И., 1999, 391.

Куќата под Централната базилика. [37] Сите овие градби страдале во средината или втората половина на III век.

Кризата во Царството во III век ја искористиле северните племиња, привлечени од балканската, римска провинцијална цивилизација, за да тргнат во ограбувачки походи. Меѓу нив Сарматите во средината на III век се пробиле до Скупи, каде војсководецот Регалијан успеал да ги запре.[38] Потоа, Херулите и Готите од просторот на денешна Јужна Русија и Украина во 267(или 268) година со кораби стигнале во Егејското море, таму ги ограбиле малоазиските крајбрежни градови, а потоа се истовариле кај Атина и неа ја ограбиле и тргнале по копно на север. Попат, во Македонија, тие опседнале два најзначајни града, Тесалоника и Касандреја и речиси ги освоиле кога слушнале дека пристигнува царот Галиен со голема армија. Тоа ги натерало да ја прекинат опсадата и да продолжат на север. Попат тешко ги опустошиле областите Пелагонија и Добер. Овие вести ги забешежал Зосим, користејќи ги извештаите на Дексип, атински писател и учесник во овие настани.[39] Археолошки е потврдено дека низа гратчиња во Македонија тогаш престанале да постојат, меѓу нив и Стибера најголемиот град во Пелагонија. Археолошките наоди покажуваат дека и Стоби настрадало целосно.[40]

Величенствената, раскошна двоспратна градба од Римскиот форум со префинет архитектонски стил, со ѕидови со ниши и пиластри покриени со мермерна оплата, псевдо капители, сликање во горните зони, била насилно разрушена. Рушењето е проследено со пожар. [41] Исто така и во урнатините на Синагога I на неколку места е најден тенок слој од пепел и изгорени предмети.[42] Несомнено пустошењата на Херулите и Готите го зафатиле Стоби и Форумот како централно јадро на градот. Депото од денари и антонинијани останало да лежи во слојот шут направан од разрушувањето на објектот од оваа варварска наезда.

---

[37] Wiseman J., 1986, 38-40. Јованова Л., 2013, 801-811.
[38] Лилчиќ В., 2013, 965; Wilkes J., 2003, 741.
[39] Микулчиќ И., 1995, 240-241.
[40] Микулчиќ И., 2003, 40.
[41] Шурбановска М, Јакимовски А., 2010, 36
[42] Микулчиќ И., 2003, 84.

## V. Доцноримски депоа

### V.1. Депо од нумуси со *terminus post quem* 311 година

Градбата Полукружен плоштад се наоѓа во западниот дел на градот покрај улица Via Sacra, спротивно од влезот во Епископска базилика. Градбата е подигната како дел од големиот градежен зафат изведен во овој дел од градот во текот на V век. Истиот вклучувал уредување на улица Via Sacra, подигање на Нова епископска базилика.[43] Во 2009 година се отпочнаа ископувања северозападно од Via Sacra над полукружниот плоштад. Откриена е стамбена целина од втората половина на VI век. На просторот од 4.500 метри квадратни е откриена целосна урбана струкрура на градот, со главна улица околу која се распоредени куќите, одвоени меѓусебе со тесни сокаци и мали плоштади. Повеќето од куќите се градени врз постари градби со повеќе фази и преградувања и со различни опуси на ѕидање. Сите куќи и простории се со идентична диспозиција на ѕидовите с/з–ј/и и с/и-ј/з. Покривните конструкции се редовно од лаконски тегули и полукружни имбрекси. Изгледот на ѕидање и откриеноата покуќнина зборуваат за животот во Стоби на самиот крај, пред напуштањето на градот.

Во 2010 година во секторот Полукружен плоштат беше направено сондирање во два квадрата со цел да се добијат конкретни информации за статиграфијата на овој простор. Во најниските слоеви во сондите е откриен материјал од хеленистичкиот период и железното време.[44] Во едната сонда, квадрат D2 сектор 75 откриено е депо од девет нумуси со многу мал временски распон меѓу најстарата монета (искована во 304-305 година) и најмладата (искована во 311 година). Поради карактерот на ископувањето во овој квадрат, сондажно во ограничен простор од 4,5 на 4,5 метри не е можно да се дадат повеќе информации за контекстот на наоѓање освен дека депото е најдено во слој светло жолта ровка земја.

[43] Талевски Х., 2014, 82., Николовски Д., 2018, 326.
[44] Блажевска С., 2011, 20.

## Каталог на депото

### Диоклецијан




1.*Нумус* , Александрија, 304-305 год.

*Ав.* IMP C DIOCLETIANVS PF AVG
Глава со лавров венец, надесно.
*Рев.* IOVI CO-NS CAES
Јупитер стои на лево, во д. рака држи Викторија на глобус, со л. рака се потпира на скиптар. Во л. поле S, во д. поле горе A, долу P. Во отсечокот ALE.
AE; 9.01 г.; 27,8 мм.; ↑
*RIC VI 41*
НУС-А-М-1757; М-10-68

### Галериј Максимијан




2. *Нумус,* Хераклеја, 308-310 год.
*Ав.*IMP C GAL VAL MAXIMIANVS PF AVG
Глава со лавров венец, надесно.
*Рев.*CENIO IMP-E-RATORIS
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д. рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија.
Во л. поле ѕвезда, во отсечокот •HTA•.
AE; 6.21 г.; 26.7 мм.; ↑
RIC VI 37a
НУС-А-М-1756; М-10-67

### Галериј Максимијан




3. *Нумус,* Хераклеја, 308-310 год.
*Ав.*IMP C GAL VAL MAXIMIANVS PF AVG
Глава со лавров венец, надесно.
*Рев.*CENIO IMP-E-RATORIS
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д. рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија. Во л. поле ѕвезда, во отсечокот HTB.
AE; 5.95 г.; 25.9 мм.; ↑
RIC VI 48a
НУС-А-М-1754; М-10-65

**Галерија Валерија**, ќерка на Диоклецијан и жена на Галериј




4. *Нумус*, Тесалоника, 308-310 год.
*Ав.* GAL VA[L]ER[I]A AVG
Главата надесно со дијадема, на амфасна биста со везена облека со огрлица.
*Рев.* VENERI V-ICTRICI
Венера стои со главата налево, во л. рака држи јаболко, а со д. рака ја подига облеката преку д. рамо. Во л. поле ѕвезда, во д. поле Г. Во отсечокот •SM•TS•
AE; 5.53 г.; 26,5 мм.; ↑
RIC VI 36; НБРМ 623.
НУС-А-М-1749; М-10-60

**Максимин Даја**




5. *Нумус,* Тесалоника, 308-310 год.
*Ав.*MAXIMINVS• FIL•AVGG
Глава со ловров венец, надесно.
*Рев.*GENIO CA-ESARIS
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д. рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија.Во л. поле ѕвезда, во д. поле Δ. Во отсечокот •SM•TS•.
AE; 4.91 г.; 27.2 мм.; ↓
RIC VI 32a НБРМ 628
НУС-А-М-1752; М-10-63

**Максимин Даја**




6.*Нумус,* Тесалоника, 308-310 год.
*Ав.*MAXIMINVS• FIL•AVGG
Глава со ловров венец, надесно.
*Рев.*GENIO CA-ESARIS
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д. рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија.Во л. поле ѕвезда, во д. поле Δ. Во отсечокот •SM•TS•.
AE; 6.19 г.; 26 мм.; ↓
RIC VI 32a; НБРМ 628
НУС-А-М-1755; М-10-66

**Максимин Даја**





7.*Нумус,*Хераклеја, 310 год.
*Ав.* IMP C GAL VAL MAXIMINVS PF INV AVG
Глава надесно со лавров венец.
*Рев.* CENIO IMP-E-RATORIS
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д. рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија. Во л. поле ѕвезда. Во отсечокот НТΔ
AE; 6.58 г.; 26,3 мм.; ↓
RIC VI 47;
НУС-А-М-1751; М-10-62





**Ликиниј I**

8.*Нумус*, Тесалоника, 310-311 год.
*Ав.*VAL•LICINIVS PF AVG
Глава надесно со лавров венец.
*Рев.* GENIO A-VGVST
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д, рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија. Во л. поле ѕвезда, во д. поле S. Во отсечокот •SM•TS•.
AE; 6.80 г.; 25,2 мм.; ↑
RIC VI 40b;
НУС-А-М-1750; М-10-61

**Ликиниј I**





9.*Нумус*, Кизик, 311 год.
*Ав.*VAL LICINNIANVS LICINNIVS PF AVG
Глава надесно со лавров венец.
*Рев.* GENIO A-VGVST
Гениј стои налево со модиј на главата, гол но со хламида преку л. рамо, во д, рака држи патера од која истекува течност, а во л. рака корнукупија. Во л. поле Δ, во д. поле три точки вертикално поставени. Во отсечокот MKV.
AE; 5.96 г.; 25,6 мм.; ↓
RIC VI 66;
НУС-А-М-1753; М-10-64

Во ова депо монетата на Диоклецијан исковaна во Александија во 304-305 година е монетата која го одредува *terminus ante quen* на депото. Другите осум монети се ковани во периодот од 308 до 311 година во името на тројца императори: две монети ковани во Хераклеја во името на Галериј Максимин и една во името на неговата жена Галерија Валерија искована во Тесалоника; Максимин Даја е застапен со три монети, двете исковани во Тесалоника и едната во Хераклеја; и најмладите монети се ковани во името на Ликиниј I, едната во Тесалоника, другата во Кизик во 311 година. Периодот 308-311 година кога се исковани осум од деветте монети во ова депо, всушност е периодот кога владеењата на тројцата императори се поклопува. Галериј Максимијан е император од 305 до 311 година. Максимин Даја бил прогласен од Галериј за цезар по заслуга во 305 година, но тој покажал незадоволство по назначувањето на Ликиниј за император во 308 година и го известил Галериј дека неговите воени трупи го прогласиле за император.[45]

Што се однесува на застапеноста на ковници најзастапена е Тесалоника со 4 примероци, па следува Хераклеја (Турција) со три примероци и Кизик (Турција) и Александрија (Египет) се застапени со по еден примерок. Во 303/4 била отворена ковница во Сердика (Софија) која работела до 308 година. Во истиот период ковницата во Тесалоника не била активна и нејзината реактивација се совпаѓа со затварањето на ковницата во Сердика. Постои сомневање дека ковницата од Тесалоника само се придвижила кон север кон Сердика, како потврда се земаат сличностите во нивните емисии.[46] Поради географската блискост на Сердика до Стоби очекувана е застапеност на оваа ковница во циркулација на монети во Стоби, но засега е пронајдена само еден примерок меѓу единечните монетни наоди од Стоби. До 318 година на цела територија на Р. Македонија преовладуваа источните ковници. [47] И во ова депо сите монети припаѓаат на Балканско – Малоазиски ковници и една монета од ковница од истокот, од Александрија. Од реверсните престави најзатапена е претставата на Гениј со патера и корнукупија.

Ова наше депо единствено можеме да го споредиме со депото откриено во с. Петралица, западно од Крива Паланка откриено во 1950 година. Депото од Петралица е

[45] RIC VI, 15.
[46] Hendy M.F., 1972, 77.
[47] Хаџи-Манева М., 2013, 1042

многу побројно од нашето, содржи 377 нумуси но тие имаат скоро ист *terminus post quem*. *Terminus post quen* на депото од Петрелица е 310 година и содржи емисии на монети ковани во името на императорите: Диоклецијан (284-305), Максимијан (285-305), Галериј (305-311), Константиј I (305-306), Север (305-306), Максимин (309-313), Ликиниј I (308-324), и Галерија Валерија жена на Галериј. Во депото се застапени емисии ковани од 294 до 310 година. Исто така во ова депо застапени се многу повеќе ковници: Аквилеја, Рим, Картагина, Сискија, Сердика, Тесалоника, Хераклеја, Никомедија, Кизик, Антиохија и Александрија.[48] Застапени се централните, балканските и источните ковници, изостанувaат западните. Во нашето депо застапени се помал број ковници што е нормално со оглед дека и бројот на монети во нашето депо е далеку помал од наодот од Петрелица.

Поради околностите на наоѓање на ова депо (во сондажни ископувања) и малиот број на монети не можеме да кажеме под какви околности овие пари биле депонирани и всушност не може да се каже дали воопшто биле депонирани. Единствено што може со сигрност да се каже со оглед на тоа дека осум од деветте монети се исковани во периодот од 308 до 311 година дека овој наод ја отсликува моменталната циркулација на пари.

[48] Драгијчевић-Јосифовска Б., 1990, 125-144.

## V.2 Депоа од театарот

### Депо I од нумуси со *terminus post quem* 355-361 година

За време на археолошко-конзерваторска работа во 1998 година на Театарот во Стоби, во северно источниот агол на просторијата “V” во супструкцијата на скената, на 0,50 м. под нивото на подот помеѓу столбец и источниот периментален ѕид на театарот е откриено депо со 206 бронзени монети. Монетите најверојатно биле чувани во кожена врећичка и индиректно изложени на атмосферските вилијанија, што резултирало со оштетување на металот. Поради лошата состојба на монетите некои од нив не можеле да бидат конзервирани. Конзервацијата на монетите е реализирана во Музеј-Штип, а монетите се чуваат во Музеј на Македонија.

Монетите во ова депо се ковани за време на императорите: Констанциј II (337-361), Констанс (337-350), Констанциј Гал (351-354) и Јулијан II (360-363). Монетите се емитувани со интервал од 14 години, односно во периодот меѓу 347 и 361 год. и притоа Констанциј II е присутен со 174 монети, Констанс со 1, Констатиј Гал со 7, Јулијан II со 32 монети. Покрај овие монети во наодот е присутна и една монета посветена на градот Константинопол која е иземена од статистичките истражувања затоа што времето на нејзиното емитување (332-335) е порано и не ја отсликува моменталната состојба во оптекот. Најголема процентуална застапеност има Констанциј II која изнесува дури 84,5 % додека останатите императори се присутни само 15,5 %.

Со анализа на коригираната фрекфенција произлегува дека циркулацијата во рамките на колективниот нумизматички наод почнува 347-348, потоа следува нејзино благо опаѓање во 349 год. Од 350 год. масата пари почнува постепено да се зголемува, за во периодот 351-355 год. коригираната фрекфенција забележува поголем скок. Во периодот од 355 до 361 год. масата пари од емисијата е најголема. Најголем број монети 112 примероци или околу 55 % се емитувани во периодот 355-361 год. Присуството на последните емисии во наодот со околу 55 % недвосмислено укажува дека станува збор за колективен

нумизматички наод кој го отсликува моменталниот оптек на пари во годината на закопувањето. Овие осцилации на циркулација на пари е вообичаен за периодот опфатен со монетите во наодот. Во 348 година се случува голема монетарна реформана Константиј II и Констанс со која меѓу другото, тежината на бронзените монети е зголемена. Тоа резултирало со намалување на количестовото на монети во моменталниот оптек што се забележува во овој наод, како и во други колективни нумизматички наоди од овој период. Меѓутоа, таа реформа се покажала како нестабилна и краткотрајана, поголемото количество на монети во емисиите што следат е резултат на инфлаторни движења.

Тесалоника е најзастапена монетарница во ова депо, што е разбирливо поради нејзината географска и административна блискост со Стоби. Потоа следуваат монетарницита Кизик, Сирмиум, Сискија и Константинопол, додека останатите монетарници се застапени со мал процент. Забележителна е голема циркулација на монети од монетарницата во Кизик во периодот 355-361 год. чија зголемена активност се потврдува и во други наоди. Од централната префектура Италија-Африка-Илирик потекнуваат 68,7% од примероците, додека останатите 31,3 % се од источната префектура. Тоа значи дека овие простори биле снабдувани со пари од монетарниците од сопствената префектура, како и од оние монетарници кои биле географски најблиски. Во овој наод целосно отсуствуваат монети од западните ковници.

Реверсните типови *FEL TEMP REPARATIO* (паднат коњаник) и *SPES REI PVBLICE* се најзастапени во депото. Реверсниот тип *FEL TEMP REPARATIO* е најзастапен и во други наоди од овој период, а неговото зголемено присуство главно се должи и на почетокот на инфлација во времето на Константиј II. Најмладите пари од наодот се од емисијата 355-361 год. која го дава *terminus post quem* на депото.[49]

[49] Vinčić Ž., Hadži-Maneva M., 2000, 55-76.

### Депо II од солиди и силикви со *terminus post quem* 375-378 год.

Со ископувањето на скената на театарот во 1974 година, во централната просторија од скената – светилиште на Немеза, точно на средината од просторијата под земјиниот под е откриено депо од 4 златни и 68 сребрени монети.[50] Конзервацијата на монетите е извршена од Цина Стојанович-Габричевич. Во текстот што се однесува на конзервацијата се вели дека депото содржи 74 монети.[51]

Монетите застапени во ова депо се емитувани од императорите: Валентинијан I (364-375), Валенс (364-375), Грацијан (367-383) и Валентинијан II (375-392). Тие се емитувани во периодот од 364 до 378 год.. Притоа Валентинијан е застапен со 5 монети, Валенс со 42, Грацијан со 13, Валентинијан II со 5 монети и 9 монети се нечитливи. Процентуално е најголема застапеноста на монети емитувани од Валенс 56,76%. Валенс бил брат на Валентинијан I, кому му била дадена на владеење префектурата Ориент. Останатите императори чии монети се присутни во наодот, биле владетели на префектурата Галија и префектурата Африка-Италија-Илирик. Монетите во наодот се емитувани во период од 364 до 378 година. Кусиот период на емитување на парите во рамките на колективниот наод дозволува да се забележи дека не станува збор за штедни пари, туку со голема веројатност може да се заклучи дека се работи за пари од моменталниот оптек, чиј сопственик ги закопал непосредно пред некоја опасност околу 378 година и никогаш повеќе не се вратил по нив.

Застапеноста на монетарниците е следна: Тревери со 10 монети, Аквилеа со 8 монети, Сискија со 5, Тесалоника со 6 монети, Константинопол со 11 и Антиохија со 27 монети. На седум монети не е одредена ковницата. Единствените четири солиди се емитувани од монетарницата Тревери и припаѓаат на една емисија (367/374). Тие се ковани во името на сите тројца императори кои владееле со империјата во периодот кога монетите се емитувани (367-375) Валентинијан I, Валенс и Грацијан. Во 367 година Тревери станува

[50] Gebhart E., 1981, 18.
[51] Stojanović-Gabričević Đ., 1981, 275-282.

царска резиденција и набрзо по тоа целокупното западно ковање на монети од благородни метали се концентрира во монетарницата во Тревери.

Од сите монети во наодот најголем е процентот на тие ковани во монетарницата во Антиохија (36,48%), потоа следуваат Константинопол (14,86%), Тревери (13, 52%), Аквилеа (10,81%), Тесалоника (8,11%) и Сискија (6,67%). Вообичаено е да се најзастапени монетарниците кои се географски и административно најблиски до местото на наодот, меѓутоа овде имаме сосема поинаква ситуација. Монетите емитувани од монетарниците во Тесалоника и Сискија се во најмал број, додека Антиохија, која географски е многу подалеку од нив, има најголем број монети. Друг интересен факт е големата застапеност на силикви ковани во името на Валенс наспроти останатите императори. Тоа е особено забележително во рамките на монетарницата Антиохија, каде Валенс е застапен со 23 монети, додека Валентинјан I и Грацијан со по 2 монети. Антиохија бележи поголема застапеност на монети ковани од Валенс во однос на другите западни императори , но во бронзеното монетоковање, додека златото и среброто би требало сите императори од овој период, и западните и источните да се подеднакво застапени.

*Vota* типот на реверсна престава е најзастапен. Со оваа инскрипција се одбележува петгодишнина, *vota quinquennalia,* десетгодишнина, *vota decennalia,* или дваесетгодишнина, *vota vicennalia,* од доаѓањето на власт на владетелот. На инскрипцијата *Votis* најчесто се надоврзува *Multis* со што му се посакуваат добри желби на владетелот за следните десет, дваест или триесет години.

Со резимирање на основните црти на ова исклучително редок наод дека преовладуваат монетите на императорот Валенс, под чија надлежност била префектурата Ориент со престолнина во Константинопол. Антиохија, со монетарница чии пари се најзастапени исто така е во составот на префектурата Ориент. Стоби пак потпаѓа под префектурата Италија-Илирик-Африка, која заедно со Галија била управувана од Валентинијан I. Логично е да се очекува во депото да преовладуваат монети емитувани од монетарниците кои се во иста префектура како и Стоби, односно да преовладуваат монети емитувани од најблиските ковници Тесалоника и Сискија. Поради овие причини се смета дека овие пари биле донесени во Стоби, поради што тие не ја отсликуваат циркулацијата на пари на оваа територија. Корегираната фрекфеција покажува дека се работи за пари од

оптек, но на еден друг регион, најверојатно префектурата Ориент. Најмладите пари во депото се од емисијата 375-378 год. која го дава *terminus post quem* на депото. Од историски аспект, годината 378 е карактеристична по смртта на Валенс, кој ја предводел римската војска која требала да ги разбие Готите и да ги стави под државна контрола. До судир дошло на 9 август 378 год. кај Хадрионопол (денешно Едрене), при што римската војска доживеала тежок пораз, царот Валенс го загубил животот. По овој настан Готите пустошеле по Балканот.

Вакви наоди со солиди и силикви се ретки воопшто за целата Римска Империја. Единствено се издвојува територијата на денешна Романија од каде потекнуваат најмногубројните колективни наоди на силикви воопшто откриени.[52]

[52] Хаџи-Манева М., 2001, 71-83.

**Депо III од нумуси со *terminus post quem* 383-388 год.**

Во рамки на заштитните археолошики искпоувања на Театарот во 2014 година, посебно интересно откритие е што при ископувањето на локус Е3.17, во ѕидот кој припаѓа на источната аналема е документирано депо од 70 бронзени монети, скриено во правоаголен отвор за скеле на внатрешното лице на аналемата.[53] Сл.1 и 2. Монетите ги имаат теренските инвентарни броеви од М-14-445 до М-14-514. Депото сеуште не е конзервирано но монетите се во добра состојба со што се овозможува прелиминарна обработка на депото. Скоро сите монети припаѓаат на ист номинал т.е нумус АЕ3 само неколку се нумуси од помалиот номинал АЕ4. Монетите се искованi со имињата на императорите од династијата Валентинијани и тоа:





Сл.2.

[53] Павловски Г., 2015, 11.

Валентинијан I, Валенс, Гратијан, и Валентинијан II. Исто така се среќаваат и монети исковани со имињата на Теодосиј I и Аркадиј кои припаѓаат на Теодосијанската динаситија на владари. Само една монета припаѓа на Константиновата династија која го одредува *terminus ante quem* на ова депо. Тоа е монета со реверсна престава на војник кој прободува паднат коњаник со легенда *FEL TEMP REPARATIO*. Овој тип на монета се кова помеѓу 348 и 361 година.



сл.3.

Најчеста реверсана претстава во ова депо е претставата на императорот кој е во од надесно и влече заробеник со десна рака, а во левета држи држи лабарум. Овој реверс е придружен со легендата *GLORIA RO-MANORVM*. Во оваа претстава со оваа легенда се забележува растечка тенденција за брутален третман кон заробениците затоа што тие се се поголема опасност на границите на империјата. Со вој тип на ревесна престава заедно со типот *SECVRITAS REIPVBLICAE* поданиците се уверувани во славата на римското оружје со кое се отстрануваат сите причини за страв. Катастрофата кај Хадрионопол е голем удар

за римската способност, но дипломатијата на Теодосиј ја спасила државата за некое време и инскрипциите за храброста на војската и славата на римјаните продолжуваат да се користат. Оваа претстава со оваа легенда ја има и на монетите на Валенс, ковладар на Валентинијн задолжан за источниот дел од империјата, и на монетите на син му Гратијан. Оваа реверсна престава ја има и на монетите на Валентинијан II, но се чини дека е носталчино навраќање на поранешната величина на владарската куќа.[54]

Овој тип на претстава во периодот од 364 до 367 и од 367 до 375 година е кован во скоро сите ковници кои оперираат во ова време освен Сирмиум која кова само во 364 затоа што оваа ковница е отворена 25 февруари 364 и затворена на крајот истата година[55] Аквилеја,[56] Рим[57] и Сискија[58] го коваат овој тип и во период од 375 до 378 година. Овој реверсен тип повторно се кова во периодот од 383 до 388 година, но само одредени ковници: Рим,[59] Сискија,[60] Тесалоника[61] и Александрија.[62] Само ковницата во Тревери (Триер-Германија) го кова овој аверсен тип и во периодот од 388 до 392 година,[63] но мала е веројатноста да монета од оваа западна ковница да се најде во ова депо.

Реверсната претстава на Викторија во од налево со венец и палмова гранка придружена со легендата *SECVRITAS REIPVBLICAE* која е кована во периодот од 364 до 378 година е присутна во ова депо. Исто така и реверсниот тип на Императорот кој стои на брод и држи феникс на глобус и стандард и гази заробеник, со Викторија на кормилото со легендата *VIRTVS AVGGG* кован во периодот од 383 до 388 година го има во ова депо. Во истиот период од 383 до 388 година е кован и реверсниот тип на две Виктории кои стојат една наспроти друга со легендата *VICTORIA AVGG*. И овој тип на монети е застапен во ова депо.

[54] RIC IX, xl- xlii.
[55] RIC IX 158
[56] Ibid 97.
[57] Ib 122.
[58] Ib 149.
[59] Ib 130.
[60] Ib 154.
[61] Ib 186.
[62] Ib 301
[63] Ib 32

Иако во ова депо се застапени монети на императорот Валентинијан II (375-392), Теодосиј I (379 -395) и Аркадиј (383-408) сепак заради реверсите на овие монети кои не се датираат по 388 година, *terminus post quem* на ова депо најверојатно е годината 388. *Terminus post quem* на ова депо во оваа прелиминарна обработка е одредено со двете монети на Теодосиј I исковани во Тесалоника во 384-388 година со референца RIC IX 60b и RIC IX 63b, и монетата на Аркадиј исто така искована во Тесалоника во 383-388 година - RIC IX 60.

Во 388 година Теодосиј I кратко престојувал во Стоби, од каде се упатил во Скупи. По краткиот престој во Скупи тој се справил во војската на узурпаторот Максим кој ја имал запоседнато Италија. По ова Италија му била вратена на Валентијан II, а со Илирик управувал Теодосијан. Но несредената воена состојба во Македонија и покрај спроведените административни промени го оневозможувала реализирањето на договорот за конечно изделување на префектурата Илирик од Италија. Раководен од овој мотив, Теодосиј во 390 година го назначил Готот Бутерих за командант на војските во Илирик и го испратил во Македонија со задача да обезбеди воена контрола и де се справи со заседнатите готски елементи на македонска територија. Меѓутоа самоволието на Бутерих резултирало со востание во Солун. По ова во 391 година Теодосијземал лично учество во воената кампања против Готите во Македонија со која целосно биле разбиени готските сили.[64] Присуството на Теодосијан I и неговата кампања против Готите наверојатно е причината за засолувањето на овие пари.

[64] Панов М.Б., 2013, 1097-1098.

## V.3. Две депоа од субурмиумот над Западната некропола.

Уште во 1971 година утврдено е дека на просторот од западната некропола пред Порта Хераклеја нема погребувања после IV век.[65] Со ископувањата во 1992 година откриена е урбанизирана рурална населба со објекти (поконцентрирани во правец на Порта Хераклеја) градени од кал и камен, со повеќе простории, со поплочени подови, комунални инсталации и со траги од две-три градежни интервенции.[66] Со ископувањата во 2009 потврдена е истата ситуација дека просторот пред Порта Хераклеја е користен за погребувања до IV век, а потоа истиот простор е користен за живеење. Генерално последната фаза е окарактеризирана со трошна архитектура, со ѕидови од кал и камен. Најголем дел од откриените ѕидови се единечни, и не се врзуваат со останати ѕидови со што би оформиле архитектоска целина. Единствено на неколку места се откриени простории сочинети од два до три ѕида. Поради тоа во оваа кампања дефинирани се два објекта и еден канал.[67]

Во секторот 114, во квадратот G7 источно од улицата со правец на протегање север-југ, во конструкција од мали аморфни камења кои оградуваат простор од неправилен круг со дијаметар од 0,15-0,20 м. откриени се 60 монети депо G7.5.. (Сл.1 и Сл. 2.) Во непосредна близина на одалеченост од 0,50 м. во истиот слој земја откриени се 209 монети депо G7.6., можеби е истото депо само растурено




Сл.1.

[65] Wiseman J., Mano-Zissi Dj.,1972, 413.
[66] Санев В., 1994, 11.
[67] Кованцалиев З., 2009,2.




Сл.2.

од подоцнежни интервенции. За жал не се најдени остатоци од архитектура ниту во соседните квадрати, освен улицата, така да за контекстот на наоѓање не може да се каже ништо повеќе. Со прелиминарната идентификација на монетите од овие две депоа се увиде дека содржината на монети е многу слична и поради контекстот на наоѓање овие две депоа понатаму во текстот ќе се водат како едно.

*Terminus ante quem* на ова депо е антонинијан искован со името на Квинтиј узурпатор кој ја превзел власта од Галиен во 260 година.[68] Покрај овој антонинијан има уште еден антонинијан кој е искован во Сискија со името на императорот Аврелијан (270-275 год.) со каталожка референца RIC 5A 199. Во депото има монети исковани во времето на владеењето на императорити од династијата на Константин и повеќе монети од династијата

[68] RIC 5A , 2

Валентинијани. Од династијата Валентинијани најзастапен е императорот Валентинијан II. Најмногу монети припаѓаат на императорите од династијата Теодосијани. Од оваа династија во ова депо има монети од императорот Теодосиј I (379-395), Аркадиј (383-408), Хонориј (393-423), Теодосиј II (402-450) и Валентинијан III (424-455). Монетата со референца RIC X 2138/2139 искована во вториот период на ковање (430-437) за време на Валентинијан III е монетата која ни го дава *terminus post quem* на ова депо. Во ова депо постои голем временски распон помеѓу најстарата и најмладата монета.



Сл.3.

Од горенаведеното очевидно е присуство на монети од втората половина на III век, IV и V век. Најбројни се монетите од крајот на IV и почетокот на V век. За присусутвото на ковници не е возможно да се дадат информации затоа што монетите од ова депо сеуште не

се конзервирани. Прелиминарната идентификација беше направена по механичкото чистење само на земјата и беа идентификувани само подобро зачуваните монети.

На територија на Република Македонија депо со *terminus post quem* во првата половина на V век е најдено во Скупи на Театарот на горната Кавеа помеѓу радијалните ѕидови. Депото брои 266 бронзени монети и најмлада е монета искована во името на Хонориј во 404-406.[69] Исто така во Стоби е откриен еден мал групен наод од 25 монети со ископувањата во објектот наречен Римски Форум во 2009 година. Во овој групен наод најмлада монета е монетата искована во Тесалоника со името на имперторот Хонориј, датирана 408-423 година со каталошка референца RIC X 395. Во атарот на село С'лп откриено е депо од 6000 бронзени монети но тие се засолнети во втората половина на V век.[70] Наод сличен на ова депото од субурбиумот од Стоби, барем по содржината во смисла на застапеност на императори, е наодот од Костолац, Пожаревац – Србија, но различен по количество. Депото од Виминациум е составено од 100 000 монети додека депото од Стоби брои само 269 монети.[71] Намалувањето на тежината на бронзените монети во последните децении на IV век довело до инфлаторни движења и нивно квантитативно зголемување на пазарот,[72] па депото од 269 бронзени монети нема голема вредност во однос на куповна моќ.

Околу средината на V век балканските простори биле изложени на голема опасност. Хуните, доселени во Панонија, секоја година превземале стравотни походи во кои ги освоиле и засекогаш уништиле речиси сите римски градови во Средна и Западна Европа, допирајќи до Средна Италија на југ. Во 447 година Атила ги повел војските кон Константинопол, но во последен момент се откажал од него, ја уништил источно-римската армија на Галиполе, а потоа Хуните ги освоиле и ги урнале градовите во Мезија и Тракија, Македонија, Тесалија, Стариот и Нов Епир. Есента го затекнала Атила пред Термопилите на југ, и тој, изморен од уривањата и претоварен со плен, тргнал назад кон зимските престојувалишта во Панонија. Во тој поход настрадале голем број градови, а најголем дел од нив засекогаш ги загубиле своите градски обележја. Во овој поход настрадало и Стоби. Откопани слоеви со траги од пожар и уривање а датирани со монети на Теодосиј II и

69 Милошевски В., Лилчиќ Г., 2017, 435-436.
70 Хаџи-Манева М., 2013,1042.
71 Mirnik I.A., 1981, 86.
72 Хаџи-Манева М., 2013,1043.

Валентијан III, се поклопуваат со пишаниот податок; спечифично хунско оружје најдено во овој слој укажува на сторителите на оваа катастрофа.[73]

Субурбиумот пред Порта Хераклеа, надвор од градските бедеми е најнезаштитен од непријатели. Несомнемо дека и оваа мала рурална населба надвор од гратските ѕидини страдала во овие Хунски напади. Ова мало количество на пари кое денес е најдено во форма на растурено депо е уште еден доказ за разурнувањето на градовите од страна на Хуните. Иако со ископувањата во 1992 утврдени се две-три градежни интервенции во објектите во овој субурбиум,[74] тоа не ќе да е случај за овој дел од субурмиумот источно од улицата. Скромните остатоци од архитектура на овој дел од субурбиумот и депото како наод во тој констккст се прв културен хоризонт под рецентот.

---

[73] Микулчиќ И., 2003, 104-106.; Микулчиќ И., 1995, 248.; Wilkes J., 2013, 749.
[74] Санев В., 1994, 11.

## V.4. Монетни депозити како гробни наоди

Од својата појава , парите се присутни во голем број сегменти на животот, па така и во погребните обичаи. Зборувајки за погребните обичаи, античките автори од крајот на V век п.н.е па се до II век п.н.е. споменуваат поставување монета во устата на покојнијот. Обичајот води потекло од митот за Харон, богот на подземјето кој, со својот сплав , преку реката ги превезувал душите на покојците до портите на подземното царство. Како надомест на неговата работа требало да се плати еден обол. Погребниот обичај се практикувал до прифаќањето на христијаството, но се одржал како обичај низ вековите, па денес во Македонија голем дел од православното население сеуште остава пари во кофчегот на покојникот.[75] Монета една или неколку се чест наод во гробовите во Стоби од сите периоди. Имаме и примери на групни монетни наоди во два гроба во Стоби.



Просторот над Римскиот Форум т.е попрецизно просторот над Храмот како најмлада фаза во последните децении на IV век е користен како некропола. На овој простор откриени се и истражени околу 50 гробови. Погребувањата се инхумации, од кои едни покриени со покривни тегули и слободни вкопувања без гробна конструкција. Гробовите се сиромашни и најчесто без гробни прилози, но во два од гробовите се најдени групни наоди од бронзени монети.

Во гробот 2190 во десната рака на покојникот имало коскен предмет со цилиндрична форма, перфориран во горниот дел. Во него се пронајдени 11 бронзени монети исковани во името на императорите: Констаниј II (337-361 год.), Валентинијан I (364-375 год.) и Валенс (364-375 год.). Додека во гробот 2196 во пределот на карлицата, во десната рака на покојникот, најдени се 35 бронзени монети кои припаѓаат на ковањата со името на императорите: Константиј II (337-361 год.), Валентинијан I (364-375 год.) и Валенс (364-375 год.).[76]

[75] Хаџи-Манева М., 2012, 80.
[76] Шурбанобска М., Јакимовски А., 2010, 96.

## V.5 Монетна циркулација во Р.Македонија во доцноантичкиот период

Во доцноатичиот период Римската Империја била поделена на четири префектури: Галија, Италија, Илирик и Ориент. На исток префектурата Илирик, најмалата префектура го зазамала најголемиот дел од Балканот, и префектурата Ориент што го опфаќала источниот дел: Мала Азија, Сирија, Палестина. Префектурите пак имале свои поделби на диецези. Префектурата Илирик ги содржела диецезите Дакија и Македонија.[77]

Диецезата Дакија била оформена од 6 провинции: провинција Средоземна Дакија на просторот (Ниш, Пирот, Софија, Ќустендил, Благоевград, Кратово, Кочани, Делчево, Берово до Штип); провинција Крајбрежна Дакија (Денешна северна Бугарија се до десниот брег на Дунав); провинција Мезија Прва со главен град Виминациум; провинција




[77] Bury J.B., 1923, 26-27.; Острогорски Г., 1969, 55.

Дарданија со главен град Scupi (регионот Скопје  и Косово); провинција Превалитана  со главен град  Diocleia (најголемиот дел на северна Албанија и дел од Црна Гора);  провинција Македонија Салутарис ( Macedonia Salutaris) со главен град Stobensium.

Диецезата Македонија била оформена од 7 провинции: провинција Ахаја, со проконзул во главниот град Коринт (денешна Грција); провинција Македонија Прва (Macedonia Prima) со главен град Thessalonica (Солун); провинција Крит со главен град Gortinia; провинција Тесалија со главен град Larissa; провинција Стар Епир, со  главен град Nikopolis; провинција Нов Епир со главен град Dirrachion (денешна средна и јужна Албанија – Дебар, Струга и Охрид)  и провинцијата Македонија Салутарис со еден нејзин дел.[78] На територија на Република Македонија се допирале границите на пет доцноантичи провинции: Македонија Втора, Македонија Прва, Дарданија, Епир Нова и Дакија Средоземна.

Големите политички и економски реформи преземени од Диоклецијан го означиле почетокот на доцноримското царство. Со реформата била корегирана тежината на ауреусот, потоа била воведена нова сребрена монета,  аргентиј со добра чистота на металот и била воведена и нова бронзена монета со сребрана навлака фолис или нумус. Во 301 година бил донесен и едиктот за цените (Edictum de pretiis rerum venalium)  со кој биле утврдени максималните цени на одредени стоки. Набргу едиктот се покажал како несоодветен за контролирање на инфлацијата, така што цените го достигнале дозволениот максимум, а се зголемила трговијата на црно.

Во 309 година Константин I повторно спровел раформа со која била воведена нова златна номинала – солид, кој останал со иста тежина и чистота на металот во следните шест векови. Истовремено вовел и фракција на солидот семис и биле воведени и две сребрени парични единици, милиаренс и силиква.

Во овој период во повеќе наврати било реформирано и бронзеното ковање. Се претпоставува дека бронзените нумиси воведени од Константин I во периодот 317-318 година се викале центионалии. Со реформата на  Константиј II  и Констанс во 348 година, тие биле демонетизирани, а биле воведени нумии со поголема тежина (AE3), кои можеби

[78] Лилчиќ В., 2013, 963-964; Папазоглу Ф., 1957, 87-96; Wilkes J., 2003, 741-742.

го носеле називот мајорина. Следно во 367 година браќата совладетели Валентинијан I и Валенс донеле закон кој требало да ја спречи злоупотребата при плаќање данок со полесни или фалсификувани солиди. Со овој закон било наложено солидите собрани за каква било цел да се претопат во прачки од прочистено злато (Obriza). Солидот бил зајакнат и повторно кован со 99,5 % чисто злато, а новите емисии биле посебно обележани на реверсната страна со кратенката OB (Obryziacus).

И покрај поделбата на Римското царство во 395 година и падот на Западното Римско Царство во 476 година, монетоковањето низ V век останало традиционално римско. Стабилноста на солидот останала непроменета, сребрените монети биле ретко емитувани, па практично немало ништо меѓу солидот и малите бронзени монети чија вредност постојано се менувала. [79]

При крајот на III век и почетокот на IV век на територија на Р. Македонија забележано е отсуство на златни пари, но тие претставуваат реткост за целата територија на Римската Империја. Всушност златните пари речиси биле демонетизирани во III век. Ограничената циркулација на пари од благородни метали и падот на трговијата предизвикале плаќањето на данокот со пари да биде заменото со данок во натура. Во времето на Константин I е зголемена циркулација на пари од благородни метали од следниве причини: Константин I го превзел акумулираното богатство од неговите победени ривали (со сигурност Максентиј во 312 година и веројатно Ликиниј во 324 година); конфискацијата на богатствата од паганските храмови (веројатно подоцна од неговото владеење веројатно по 331 година); и започнало оданочување во пари од благородни метали.[80]

Постепено во овој период започнала циркулацијата на златни монети на територија на денешна Македонија. Карактеристично за времето што го обележала Константиновата династија е присуство на солиди емитувани во Константинопол, Сискија и од Сирмиј, ковници задолжени за снабдување на овие простори со пари. Солиди од западните ковници се реткост. Во втората половина на IV век доминираат солиди на западната ковница Тревери (денешен Триер-Германија), градот кој во 367 година прераснал во царска престолнина, по

[79] Хаџи-Манева М., 2013, 1033-1038.
[80] Hendy M.F., 1985, 284

што целокупното ковање на монети од благородни метали наменети за западниот дел од Империјата било концентрирано во оваа ковница. Судејки според наодите на златни монети, по 367 година ковницата Тревери станал главен снабдувач на диецезите Македонија и Дакија, а иста концентрација на нејзини емисии е забележана и во провинциите Мезија и крајбрежна Дакија. По смртта на Теодосиј I во 395 година и поделбата на Царството меѓу браќата Хонориј и Аркадиј, во циркулацијата на златни пари повторно доминира констинополската ковница. Што се однесува на доцноримските среберни пари на територија на Р. Македонија наголемиот број потекнуваат од Валентијановата епоха.[81]

Бронзените пари се присутни низ целиот доцноантички период. Најголем удел во циркулацијата на бронзени монети, генерално, имала ковницата на Тесалоника, како административен центар на Македонија, но и географски најблиска ковница. До 318 година на територија на Р. Македонија преовладуваат источните ковници, следниот период од 318 до 324 година, како резултат на воено- политичките случувања, Тесалоника и Сискија потпаднале под контрола на Константин I, а Хераклеја останала под влијание на Ликиниј I. Ваквите околности придонеле за зголемена процентуална присутност на монетите емитувани од западните ковници: Лион, Арл, Тревери, Аквилеја и Рим кои иако малубројни сепак присутни во Р. Македонија. Во 324 година Константин I извојувал победа над својот последен ривал, Ликиниј I, по што центрите на власта биле преместени на исток. Ваквата состојба влијаела и врз дистрибуцијата на пари на овие простори кои по 330 година, се до 348 година, главно преставува производ на источните ковници. Следните години била намалувана тежината на бронзените монети и со инфлацијата меѓу 358-362 година, квантитативно било зголемено присуството на бронзените монети со редуцирана тежина, чие потекло во најголем дел било од ковницата од Тесалоника, по која следуваат примероците емитувани во Сирмиј, Сискија како и монетите на ковниците од источните делови на Империјата. Од 364 до 378 година се забележува благо намалување на бројот на примероци во однос на претходниот период. Повторно преовладуваат монетите емитувани од ковницата во Тесалоника, а реткоста на примероците од источните ковници е резултат на затворањето на овие ковници за бронзени пари од 367 до 379 година. Намалувањето на

[81] Хаџи-Манева М., 2013, 1038-1040.

тежината на бронзените пари во последните децении на IV век довело до инфлаторни движења и нивно квантитативно зголемување на пазарот. Најмногубројни се примероците од емисиите меѓу 378 и 408 година, а по 408 година, па се до крајот на V век дистрибуцијата на бронзени пари до овие простори се одвивала со намален интензитет.[82]

[82] Хаџи-Манева М., 2013, 1041-1043.

## V.6. Историските настани и нивното влијание во Стоби во доцноатичиот период.

По пустошењата од Херулите и Готите во 267-269 година во кое настрадало и Стоби, настапува мирно време во период од повеќе од еден век во кое градот бил обновен и го доживеал својот најголем просперитет. Стоби се здобил со низа приватни и јавни репрезнтативни градби. (Сл.1.) Во ова време Стоби бил значаен христијански центар, црковниот живот е потврден со повеќе цркви во градот и непосредната оклина. На крајот на IV или почетокот на V век, на источната страна е подигнат нов бедем.




Stobi in 4th and 5th century AD.

Сл.1.

Ривалството помеѓу Ликиниј и Константин за превласт над диецезите Мезија и Македонија во период од 312 до 324 година било причина за натрупување војска во овие краишта. Прво Ликиниј ја имал контролата на Македонија заедно со Балканот и источните провинции. Во 317 година линијата која ја одвојувала Македонија и Тракија станала нова

граница меѓу територијалните владенија на Константин и Ликиниј, односно меѓу истокот и западот, но не за долго. Константин станал единствен владетел во 324 година по дефинитивната победа над Ликиниј.[83] При крајот на своето владеење, со цел да ја намали тензијата во задграничниот регион северно од Дунав, Константин дозволил во 337 година населување на голем број варвари (околу 300 000 Готи и Сармати) во балканските провинции. Според ископаните  предмети во низа гробови во Стоби, од средината на IV век, очигледно е дека дел од овие бегалци биле населени и во Стоби.[84]

Во североисточниот граничен појас на Балканскиот Полуостров долж Дунав, во тогашните провинции Долна Мезија и Скитија, во доцниот IV имало многу населени Готи. Од пространствата на Јужна Русија и Украина, пред налетот на Хуните од Централна Азија, се кренале народите на Источните и Западните Готи оставајќи ги засекогаш своите населби на тој простор и побарале спас на територијата на Римското царство.  Дел од нив биле прифатени од римските управници, други се доселувале без дозвола и тензиите нараснале до крајна граница.[85] Царот Валентинијан I спровел многу широка фортификациона дејност во европските провинции (околу 365-375 год.). Еден натпис откриен во соседната Баргала зборува дека тогаш ( во 371 година) градот добил нова порта. Со ископувањата во Стоби е потврдено дека во тие години бил изграден источниот трак на градскиот ѕид (т.н. Внатрешен ѕид) и обновен голем дел од јужниот и југозападниот ѕид, со неколку кули.[86]

Новодојдените готски групации се поврзале со своите сонародници кои тука биле населени од порано и наскоро организирале општоготски бунт. Царот Валенс побрзал со голема армија да ги разбие Готите и да ги стави под државна контрола, но кај Хадрианопол ( денешно Одрино) во 378 г., тој загинал, а римската армија била целосно уништена. Балканските провинции биле препуштени на милоста на Готите.

Новоизбраниот цар Теодосиј, со големи напори ги потиснувал Готите од една провинција во друга но не успеал да ги истисне надвор од државата. Во зимата 379/80 западноготскиот водач Фритигерн тргнал со своите одреди од Тракија по патот Сердика

[83] Панов М.Б., 2013, 1087-1089; Wilkes J., 2013, 741.
[84] Микулчиќ И., 2003, 100.
[85] Микулчиќ  И., 1995, 243.; Jaric J. 2012, 453.
[86] Микулчиќ  И., 2003, 101-102.

(Софија) – Стоби во Повардариетo и се упатил кон Солун. Царот Теодосиј собрал нова војска и подготвил одбрана. Во судирот кој уследил некаде во Повардариетo, римската војска била повторно разбиена, а царот едвај успеал да си ја спаси главата. Готите не го гонеле царот, туку се задоволиле со пленење на околниот регион, а потоа се повлекле назад во Долна Мезија. Конечно, најголем дел од нив биле населени во граничните предели за да служат како римски граничари и треторазредни војници – територијалци.[87]

Домашното романизирано население барало засолниште зад сигурни крепосни ѕидови, масовно преселувајќи се во кастелите и градовите. Тогаш и во Стоби пред челниот југозападен ѕид израснало големо предградие. Бедните куќарки, откопани на тој простор, биле фундирани директно врз гробовите. Ова богохулство можело да се оправда само со голема опасност во која се нашло домашното население од околината на Стоби. Во критичните осумдесети години од IV век во Стоби била формирана и една регионална (комитатенска) воена единица, XXXII legio Lanciaria Stobensis. Војниците се регрутирани од овој крај и затоа била наречена Стобска. Со називот ланцијарии била означувана лесна коњаница, воуружена со куси копја. Нивните легии броеле помалку од 1000 луѓе. Откако опасноста поминала, оваа едница била прекомандувана во соседна Тракија.[88]

Во 387 година западноримскиот император Валентинијан II (375-392), по бегството од Италија поради узурпаторот Максим, го востановил своето императорско седиште во Солун. Пристигнувањето на Теодосиј во Солун кон крајот на летото 387 година резултирало со склучување воено-политички сојуз со Валентинијан II за зедничка акција против Максим. Со меѓусебниот договор Валентињан II најверојатно му ја предал префектурата Илирик на Теодосиј во замена за реставирањето на неговата власт во Италија. Теодосиј во 388 година ја поделлил Македонија на две провинции – Македонија Прима со седиштe во Солун и Македонија Салутарис со седиште во Стоби. Оваа промена првенствено имала стратешка димензија од аспект на обезбедување поефикасна политичко–безбедносна контрола на просторот на Македонија. Присуството на Теодосиј во Стоби во јуни 388 година, како и ново објавениот едикт до новоназначениот префект на Илирик Трифолио,

---

[87] Микулчиќ И., 1995, 243-248; Острогорски Г., 1969, 70-73.
[88] Микулчиќ И., 2003, 102.; Wilkes J., 2013, 742-743.

претставува дополнителен показател за издигнатиот статус на Стоби, како седиште на новоформираната провинција Македонија Салутарис. Од Стоби Теодосиј I оди во Скупи.

По кусиот престој во Скупи Теодосиј I експресно се справил со Максим, што му обезбедила доминатна позиција во однос на Валентијан II. Сепак, Теодосиј I останал доследен на договореното, враќајки му ги Италија и западните територии на Валентинијан II. Несредената воена состојба во Македонија и покрај спроведените административни промени го оневозможувала реализирањето на договорот за конечно изделување на префектурата Илирик од Италија. Раководен од овој мотив, Теодосиј во 390 година го назначил Готот Бутерих за командант на војските во Илирик и го испратил во Македонија со задача да обезбеди воена контрола и де се справи со заседнатите готски елементи на македонска територија. Меѓутоа самоволието на Бутерих резултирало со востание во Солун. По ова во 391 година Теодосиј земал лично учество во воената кампања против Готите во Македонија со која целосно биле разбиени готските сили. По смртта на Валентинијан II во 393 година, Теодосиј ги приклучил Италија и Африка во негова административна одговорност што преставувало јасна демострација на неговите планови за обединување на империјата. Тоа конечно успеал да го реализира во 394 година, по справувањето со узурпаторот Евгениј. Меѓутоа, Теодосиевата предвремена смрт во 395 резултира со дефинитвна поделба на империјата помеѓу неговите синови Хонориј и Аркадиј. Империјата е поделена на Источна (Византија) и Западна. Во 402 година била укината провинцијата Македонија Салутарис. [89]

Околу средината на V век балканските простори биле изложени на уште поголема опасност. Хуните, доселени во Панонија, секоја година превземала стравотни походи во кои ги освоиле и засекогаш уништиле речиси сите римски градови во Средна и Западна Европа, допирајки до Средна Италија на југ. Во 447 година Атила ги повел војските кон Константинопол, но во последен момент се откажал од него, ја уништил источно-римската армија на Галиполе, а потоа Хуните ги освоиле и ги урнале градовите во Мезија и Тракија, Македонија, Тесалија, Стариот и Нов Епир. Есента го затекнала Атила пред Термопилите на југ, и тој, изморен од уривањата и претоварен со плен, тргнал назад кон зимските престојувалишта во Панонија. Во тој поход настрадале голем број градови, а најголем дел

[89] Панов М.Б., 2013, 1097-1098.

од нив засекогаш ги загубиле своите градски обележја. Во овој поход настрадало и Стоби. Откопани слоеви со траги од пожар и уривање а датирани со монети на Теодосиј II и Валентијан III, се поклопуваат со пишаниот податок; спечифично хунско оружје најдено во овој слој укажува на сторителите на оваа катастрофа.

Во 479 година Стоби пак настрадало, но не толку силно како пред тоа. Источноготскиот крал Теодорих Велики, кој воедно бил врховен командант на источноримската армија, бил незадоволен од власта во Константинопол која му должела пари. Тој го кренал својот народ од Долна Мезија и тргнал кон Драч на јадранскиот брег, со цел таму да се насели. Поминувајки покрај Стоби, решил самиот да го наплати државниот долг; го освоил градот, ги ограбил граѓаните и им наредил натаму да му коваат оружје, како данок. Има информација и дека градот бил бранет од еден гарнизон на платеници, кој безуспешно му се спротиставиле на Теодорих.[90]

[90] Микулчиќ И., 2003, 104-106.; Микулчиќ И., 1995, 248.; Wilkes J., 2013, 749.

## VI. Рановизантиски депоа

### VI.1 Депоа Стоби А, Стоби В, Стоби С и Стоби D

Депото Стоби А е откриено во 1932 година северно од Епископската базилика.[91] Составот на депото е пет солиди ковани во Константинопол и тоа два припаѓаат на Јустинијан I (527-565) и три на Јустин II (565-578). Двата солиди на Јустинијан припаѓаат на емисиите ковани 542-546 година (MIBE 7), [92] додека солидите на Јустин II ковани се во 567-568 година (MIB 3b, MIB 5)[93]. Ова депо се чува во Народниот Музеј во Белград.

Во 1981 година во рамките на археолошките ископувања се пристапило на расчистување на просторот на објектот Коцкарница, кој бил ископуван пред втората светска војна, со цел да се фотографира и документира овој објект. Во просторијата работно наречена Р1 во североисточниот агол откриено е депо од 69 монети.[94] (Сл.1) Ова депо е објавено во 2006 во трудот Les Treśors monètsries byzantins des Balkans et ď Asie Mineure (491-713), како депо од 69 фолеси и полуфолиси и еден постар минимус, значи вкупно 70 монети,[95] една монета повеќе од информацијата која ја добиваме од извештајот од ископу-



Сл. 1.

вањето. Истото депо е објавено и од Маја Хаџи-Манева во 2009 година, каде таа кажува дека депото содржи 9 доцноримски монети и 71 ранововизантиска монета, значи вкупно 79 монети и дека монетите се сместени во сад под базентот. Таа ни дава информација дека монетите се исковани со името на владетелите: Валенс, Вален-

[91] Hadži-Maneva M., 2009, 123.
[92] Радић В, Иванишевић В., 2006, 106, кат.бр. 221,224.
[93] Радић В, Иванишевић В., 2006, 126, кат.бр 362, 363, 369.
[94] Иванович Д., 1981, 3. ; Notebook No. 136, p. 13.
[95] Morrisson C., Popvić V., Ivanišević V., 2006, 209.

тијан I, Јустин I, Јустин II, Тибериј и Маврикиј и ни го претставува депото со табелата: [96]

| Владетел | Година | Ковница | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | CON | | NIK | CYZ | TES | | |
| | | М | К | М | М | К | IS | |
| Јустин I | 522/27 | 1 | 1 | | | | | 2 |
| Јустинијан I | 538/39 | | 1 | | | | | 4 |
| | 552/62 | | | | | | 1 | |
| | 563/64 | | | | | 1 | | |
| | 564/65 | | | | | 1 | | |
| Јустин II | 565/66 | | | | | 1 | | 48 |
| | 566/67 | | | | | 1 | | |
| | 568/69 | | | | | 4 | | |
| | 569/70 | | | | | 5 | | |
| | 570/71 | | | | | 1 | | |
| | 571/72 | | | | | 5 | | |
| | 572/73 | | | | | 1 | | |
| | 574/75 | | | 1 | 1 | 2 | | |
| | 575/76 | | | | | 1 | | |
| | 576/77 | | | | | 1 | | |
| | 577/78 | | | | | 5 | | |
| | 565-78 | | | | | 19 | | |
| Тибериј II | 578 | | | | | 1 | | 8 |
| | 578/79 | | | | | 1 | | |
| | 580/81 | | | | | 3 | | |
| | 578/82 | | | | | 3 | | |
| Маврикиј | 583/84 | | | | | 4 | | 6 |
| | 582/84 | | | | | 2 | | |
| ? | | | | | | 3 | | 3 |
| Вкупно | | 3 | | 1 | 1 | 66 | | 71 |

Од табелата се гледа дека доцноантичките монети се изоставени, а се обработени само рановизантиските. Најстари монети во депото се монетите ковани во 522/27 година во името на Јустин I (518-527) и тоа еден фолис и еден полуфолис ковани во Константинопол. Јустинијан I (527-565) е застапен со четири монети: еден полуфолес од Константинопол искован 538/39 година, една монета од шеснаест нумии искована во Тесалоника во 552/62 година и уште два полуфолеси исковани во Тесалоника. Јустин II (565-578) е застапен со 42 монети од кои само два фолеси ковани едниот во Никомедија, другиот во Кизик а останатите се полуфолеси исковани во Тесалоника. Тибериј е застапен со осум, а Маврикиј

[96] Hadži-Maneva M., 2009, 123.

со 6 полуфолеси ковани во Тесалоника. Terminus post quem на ова депо е годината 583-584. Депото се чува во музеј Велес.[97]



Сл.2.

Од извештајот за реализираните археолошки истражувања на Палатата на Перистерија, Палата X и Via axia во 2005 година изработен од Миле Велковски дознаваме дека се откриени две депоа. Првото депо е откриено во Палатата на Перистерија во просторија со скалила (Сл.2) а второто депо во таканаречената палата X во просторијата со питоси. (Сл.3 и 4)



Сл.3

[97] Hadži-Maneva M., 2009, 123.



Сл.4.

Палата X се наоѓа северно од улицата Via Axia наспроти третиот влез во палатата на Перистерија. Првото депо е составено од 367 бронзени монети, два сребрени крста, ѓердан од мониста од стаклена паста, трапезоиден сребрен привезок и полутопчести монисти од црн ќилибар. Второто депо брои 24 бронзени монети.[98] Првото депо е публикувано од Маја Хаџи-Манева како Депо C со многу скромни информации. Споменато е и второто депо од 24 монети и се вели дека е на одалеченост од еден метар од претходното и дека можеби е дел од истото.[99] Но од извештајот јасно е дека тие се две засебени депоа најдени во различни простории. Од истиот труд ,,Early byzantine coin circulation in Macedonia Secunda" на Хаџи-Манева исто така со многу скромни информации дознаваме за депо Стоби D, најдено истотака во палатата на Перистерија кое брои 169 бронзени монети, 45 фолеси и 124 полуфолеси.[100] За ова депо не најдов информации во документацијата што ми е достапна за ископувањата во 2005 на палатата на Перистерија. Двете депоа Стоби C и Стоби D се со terminus post quem 583/84 или 584/585 година и двете се чуваат во Националниот Конзерваторски Центар во Скопје.[101]

[98] Велковски М., 2005
[99] Hadži-Maneva M., 2009, 124.
[100] Hadži-Maneva M., 2009, 124.
[101] Hadži-Maneva M., 2009, 124.

## VI.2. Депоа Стоби Е, Стоби F и Стоби G

Националната установа за управување со археошкиот локалитет Стоби во 2009 година започна со систематски археолошки истражувања кои се спроведуваат секоја година последователно до денес на повеќе истажувачки полиња. Со ископувањата на истражувачкото поле 10 кое го опфаќа просторот североисточно од Порта Хераклеја, северно од Полукружниот плоштад и северозападно од Домус Фулоника откриена е густа архитектура од населба од VI век. Во една од куќите, работно наречена куќа D, во секторот 74, откриени се депоата работно наречени Депо Стоби Е, Депо Стоби F, и Депо Стоби G. (сл.1)




Сл.1

Објектот наречен куќа D се состои од пет простории. Во југозападниот агол на просторија D1 првата просторија од влезот од улицата, под покривните тегули е пронајдено депото Стоби Е. (сл.2) Депоата F и G се откриени во истиот објект во просторијата до бедемот работно наречена D4.[102]

### Депо Стоби Е

Депото Стоби Е содржи 56 добро сочувани бронзени монети. Монетите ги добија теренските инвентарни броеви од М-09-133 до М-09-188, а подоцна и музејките инвентарни броеви од НУС-А-М-754 до НУС-А-М- 809. Депото се состои од 4 фолеси и 52 полуфолеси.

[102] Николовски Д., 2009, 11-12.




Сл.2

(Сл.3). Депото содржи монети од четворица императори Јустинијан I, Јустин II, Тибериј и Маврикиј и покрива период од 40 години. Најстарата датирана монета е од времето на Јустинијан со вредност од 20 нумии, која е искована во Кизик во 545-546 година (реден бр.1 од каталогот). Во ова депо има уште три монети од овој император. Едната е фолис од 557-558 година, искован во Константинопол (офикина Г), другите две се полуфолеси ковани во Тесалоника (кат. бр.2-4). Сите четири монети на Јустијан I се со индициска година ковани после реформата од



Сл.3.

538 година. Депото содржи 25 монети од следниот император Јустин II, 5 од Константинопол - 3 фолеси и 2 полуфолеси, и 20 полуфолеси од Тесалоника (кат. бр. 5-29). Тибериј е застапен со 10 полуфолеси, ковани во Тесалоника (кат. бр.30-39). Монетите од Маврикиј се исто така полуфолеси ковани во Тесалоника, вкупно 15 на број (кат. бр.40-54),

од кои една монета е од третата година од владеењето на Маврикиј 584-585 година која го одредува *terminus post quem* на депото. Во депото има уште две монети недоволно сочувани да бидат прецизно идентификувани бр.55 и бр.56 во каталогот.

Во ова депо присутни се само три ковници, Тесалоника, Константинопол и Кизик. Тесалоника е застапена со 87,5 %, Константинопол со 10,7 % и Кизик со само 1,7 %. Со реформата на Јустинијан I во 538 година и интезивирањето на активноста на Тесалоника, оваа ковница постепено го презела приматот во снабдувањето на провинциите на територијата на Република Маледонија. Во времето на Јустин II (565-578) доминантна улога во дистрибуцијата на бакарни пари на територија на Македонија имала тесалониската ковница.

| Владетел | Година | Ковница | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | CON | | TES | KYZ | |
| | | 40 | 20 | 20 | 20 | |
| ЈустинијанI | 545-546 | | | | 1 | 4 |
| | 557-558 | 1 | | | | |
| | 562-563 | | | 1 | | |
| | 563-564 | | | 1 | | |
| Јустин II | 566-567 | | | 2 | | 25 |
| | 567-568 | | | 1 | | |
| | 565-568 | | | 1 | | |
| | 568-569 | | | 4 | | |
| | 569-570 | | | 3 | | |
| | 572-573 | | 1 | | | |
| | 573-574 | 1 | | 2 | | |
| | 574-575 | | 1 | 3 | | |
| | 576-577 | 2 | | 1 | | |
| | 577-578 | | | 2 | | |
| | 574-578 | | | 1 | | |
| Тиберij II | 578-579 | | | 6 | | 10 |
| | 580-581 | | | 3 | | |
| | 581-582 | | | 1 | | |
| Маврикиј | 582-583 | | | 2 | | 15 |
| | 583-584 | | | 11 | | |
| | 582-584 | | | 1 | | |
| | 584-585 | | | 1 | | |
| Неодредени | | | | 2 | | 2 |
| Вкупно | | 4 | 2 | 49 | 1 | 56 |

Од табелата и од графиконот можеме да забележиме дека од 577-78 година па натаму сите монети присутни во ова депо се продукт на Тесалоника. Во текот на владеењето на Тибериј (578-582) и на Маврикиј (583-602), Тесалоника била единствена ковница од која биле дистрибуирани бакарни пари на триторијата, којашто претходно и припаѓала на Македонија Секунда, како и на Македонија Прима, додека во Дарданија и Нов Епир има мал процент на монети, пред се четириестнумиски деноминации емитувани од Константинопол, Никомедија, Кизик и од Антиохија.[103] Ваквата ситуација уште еднаш се потврдува и во ова депо.




Корегираната фрекфенција забележува највисока застапеност на монети во 583-584 година, претпоследната година од формирањето на депото, додека од последната 584-585 имаме само една монета т.е. монетата која го одредува terminus post quem на депото.

[103] Хаџи-Манева М., 2013, 1047.



Монетата што го одредува terminus post quem на депото е со варијација во аверсната легенда. На монетата од оставата аверсната легенда е [DNTIbE]RmANR[ICPPAV], наспроти легендата во рефернтниот каталог MIB 112B DNTIbERmAVR(IC)PPAV.

## Депо Стоби F

Депото Стоби F било вкопано под подното ниво на просторијата D4, покрај северниот ѕид. (СЛ.4) Монетите пред да бидат депонирани биле ставени во платнена торбичка. Со ископувањето беа откриени остатоци од текстил и остатоци од златна тенка жица со која била украсено платненото ќесе. (Сл.5,6 и 7)




Сл.4.

Ова депо е многу побројно и содржи 380 монети, 65 фолеси и 215 полуфолеси. Монетите се добро сочувани, исто како и претходната остава Стоби Е. (СЛ.8) Депото содржи монети од шест императори и е опфатен период од околу 70 години што укажува



Сл.5.



Сл.6



Сл.7.

на фактот дека се работи за штедени пари. Најстари монети во ова депо се двете монети од времето на Анастасиј, (491-518) исковани во Константинопол после втората реформа на Анастасиј во 512 година (реден бр. 1-2). Оставата содржи 5 монети на Јустин I (518-527) од најголемиот номинал 40 нумии, исковани исто така во Константинопол. (бр.3-7) Јустинијан (527-565) е застапен со 35 монети, 18 фолеси ковани во Константинопол (бр. 8-25), 6 фолеси продукт на Никомедија (бр. 26-31), 3 фолеси (бр.32-34) и 3 полуфолеси (35-37) од Кизик, еден фолес (бр.38) од Антиохија и 4 полуфолеси (бр. 39-42) од Тесалоника. Најбројни се монетите на Јустин II, вкупно 181 (бр. 43-221), ковани во Константинопол, Никомедија, Тесалоника и Кизик во двете номинали, меѓу кои најбројни се монетите од Тесалоника, ковани во помалиот номинал од 20 нумии. За време на Тибериј бележиме пад на бројноста на

монетите. Тибериј е застапен со 94 полуфолеси (бр. 222-315) ковани во Тесалоника. Бројноста се намалува и за време на Маврикиј, од чие време имаме 56 полуфолеси (бр. 315-371), исто така продукт на Тесалоника.  Седум монети не се доволно сочувани за да бидат прецизно идентификувани.



Сл.8[104]

Што се однесува до застапеноста на ковниците за време на Анастасиј, Јустин I и Јустинијан, доминира Константинопол наспроти Никомедија и Кизик, што е логично затоа што до 538 година доминантен снабдувач за територијата на современа Македонија е константинополската ковница. По реформата на Јустинијан I во 538 година е интезивирана активноста на Тесалоника, па така оваа ковница го превзема приматот во снабдувањето на провинциите на територија на Република Македонија со пари. Тоа е многу воочливо во ова

[104] Фотографијта е пред конзервација. Конзервацијата на монетите е сеуште во тек. Монетите се добро сочувани па така беше возможна прецизна идентификација и без да бидат конзервирани монетите.

депо затоа што до 563-564 година нема ниту една монета искована во Тесалоника. Присуство на оваа ковница се забележува во последните години од владеењето на

| Владетел | Година | Ковница | | | | | | | | | Вку. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | CON | | NIK | | TES | KYZ | | ANT | MMI | |
| | | 40 | 20 | 40 | 20 | 20 | 40 | 20 | 40 | | |
| Анастасиј | 512-517 | 2 | | | | | | | | | 2 |
| Јустин I | 518-522 | 1 | | | | | | | | | 5 |
| | 522-527 | 4 | | | | | | | | | |
| Јустинијан I | 527-537 | 7 | | 2 | | | | | | | 35 |
| | 537-538 | 1 | | | | | | | | | |
| | 539 | | | | | | | | 1 | | |
| | 539-540 | 2 | | | | | | | | | |
| | 540-541 | 1 | | | | | | | | | |
| | 541-542 | 1 | | | | | | | | | |
| | 542-543 | | | | | | 1 | | | | |
| | 543-544 | | | 2 | | | | | | | |
| | 544-545 | 2 | | 1 | | | | 1 | | | |
| | 546-547 | 1 | | | | | | | | | |
| | 548-549 | | | | | | 1 | | | | |
| | 550-551 | 1 | | | | | | | | | |
| | 551-552 | | | | | | 1 | | | | |
| | 552-553 | | | | | | | 1 | | | |
| | 554-555 | 1 | | | | | | | | | |
| | 556-557 | | | 1 | | | | 1 | | | |
| | 557-558 | 1 | | | | | | | | | |
| | 563-564 | | | | | 1 | | | | | |
| | 564-565 | | | | | 1 | | | | | |
| | 565 | | | | | 1 | | | | | |
| | 562-565 | | | | | 1 | | | | | |

| Владетел | Година | CON | | NIK | | TES | KYZ | | ANT | MMI | Вку |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 40 | 20 | 40 | 20 | 20 | 40 | 20 | 40 | | |
| Јустин II | 565-566 | | | | | 1 | | | | | 181 |
| | 566-567 | | | 1 | | 4 | | | | | |
| | 567-568 | | | | | 5 | | | | | |
| | 568-569 | 3 | | 2 | | 26 | | | | 1(Tes) | |
| | 569-570 | 1 | | 5 | | 18 | | | | | |
| | 570-571 | 2 | 2 | 2 | 1 | 5 | | | | | |
| | 571-572 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 | 2 | | | | |
| | 572-573 | 2 | | | | 5 | | | | | |
| | 573-574 | 4 | 1 | | | 4 | | | | | |
| | 574-575 | 2 | | | 2 | 29 | 1 | | | | |
| | 575-576 | | | | | 10 | | | | | |
| | 576-577 | 1 | | | | 2 | | | | | |
| | 577-578 | | | 1 | | 25 | | | | | |
| | 565-578 | | | | | | | | | 1 | |
| Тибериј | 578-579 | | | | | 48 | | | | | 94 |
| | 579-580 | | | | | 10 | | | | | |
| | 580-581 | | | | | 18 | | | | | |
| | 581-582 | | | | | 15 | | | | | |
| | 578-582 | | | | | 2 | | | | | |
| Маврикиј | 582-583 | | | | | 22 | | | | | 56 |
| | 583-584 | | | | | 32 | | | | | |
| | 584-585 | | | | | 1 | | | | | |
| Неодредени | | | | | | 7 | | | | | 7 |
| Вкупно: | | 41 | 4 | 18 | 4 | 299 | 6 | 3 | 1 | 2 | 380 |

Јустинијан, поточно од 563-564 год. и натаму. Додека за време на следниот император Јустин II, сликата на застапеност на ковниците е обратна. Забележливо е доминантно



присуство на Тесалоника наспроти Константинопол, Никомедија и Кизик. Монетите од времето на Тибериј и Маврикиј во ова депо, исто како и претходната се исковани во Тесалоника, што значи дека Тесалоника е единствен снабдувач во времето на Тибериј и Маврикиј.

Со анализа на коригираната фрекфенција произлегува дека циркулацијата во рамките на овој колективни нумизматички наод почнува уште во 512-517, од 566-567 год. масата пари почнува постепено да се зголемува, за во 578-579 год. коригираната фрекфенција го забележува најголемиот скок. Во претходното депо највисок процент на застапеност имаше емисијата на Маврикиј од 583-584 година, во ова депо ситуацијата е поинаква. И во ова депо емисијата од 583-584 година бележи висок процент, сепак најголма фрекфентност во ова депо има емисијата на монети ковани за време на Тибериј во 578-579 година. Исто така и емисиите од времето на Јустин II имаат висок процент на застапеност, посебно емисијата од 568-569 година и емисијата од 574-575 година. Сликата од корегитаната фрекфенција, големиот распон од 70 години на меѓу најстарата и најмладата монета и количината на монети укажуваат на тоа дека се работи за депо од штедени пари.



Најмладата монета во оваа остава е искована во третата година од владеењето на Маврикиј 584-585, исто како и во претходнато депо Стоби Е. Оваа монета слично на претходната има варијација во аверсната легенда наспроти најблиската референца во MIB. Во MIB под референцата 112D аверсната легенда е DNMAVRCTIbPRA(VC), а на монетата од депото е DNmAVRCTIbPPAVI. Оваа е единствена монета од оваа година, додека емисијата на претходната година (583-584) е со поголема застапеност. Ако се земе предвид дека дистрибуцијата на парите од ковницата до крајните корисници, особено во овие години се одвивала со голема брзина, можеме да заклучиме дека оставата е депонирана токму оваа 585 година. Но од друга страна ако се

земе во обзир дека по 585-586 година продукцијата на пари на Тесалоника е значајно намалена,[105] а Тесалоника е единствен снабдувач на пари во текот на владеењето на Тибериј (578-582) и на Маврикиј (582-602) на територијата којашто претходно и припаѓала на Македонија Секунда[106] чиј главен град бил Стоби не можеме со сигурност да кажеме кога точно ова депо е депонирано.

**Депо Стоби G**



Сл.9.



Сл.10.

Во просторијата D4 покрај депото Стоби F со 380 монети беа откриени уште 33 монети- (депо Стоби G) кои не се вкопани под подот, туку се паднати на подното ниво, исто така покрај северниот ѕид. (Сл.4) Монетите се најдени на мал простор, не поголем од еден метар квадратен, на кој се забележени траги од горење. На овој простор се открија и фрагменти од мал керамички сад во кој биле сместени монетите, а кој можеби стоел на дрвена полица, која стоела повисоко на ѕидот. (Сл.9) Покрај монетите, депото содржи и бронзена ексагија со ознака NB, и бронзен прстен. (Сл.10) Во ова мал депозит на бронзени монети и бронзени предмети, покрај

[105] Metcalf M.D., 1984., 117.
[106] Хаџи-Манева М., 2013, 1047.

монетите на Јустин II, 10 на број, 3 на Тиберij и една на Маврикиј, сите ковани во Тесалоника со вредност 20 нумии, се среќава и една монета од почетокот на империјалниот период, еден антонинијан на Аврелијан искован меѓу 270 и 275 година во Кизик, една монета на Констанциј Гал искована меѓу 351 и 354 година, и уште една доцно римска монета. Ваква е ситуацијата во сите куќи од шестовековната населба. Во секоја куќа има по

| Владетел | Година | Ковница | Неодредена ковница | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Римски монети | | | | |
| | | KIZ | | 4 |
| Неодредена | c.I век? | | 1 | |
| Аврелијан | 270-275 | 1 | | |
| Констанциј Гал | 351-354 | | 1 | |
| Неодредена | Средина или крај на IV век | | 1 | |
| Рановизантиски монети 20 нумии | | | | |
| | | TES | | 10 |
| Јустин II | 569-570 | 2 | | |
| | 573-574 | 1 | | |
| | 574-575 | 2 | | |
| | 576-577 | 1 | | |
| | 577-578 | 2 | | |
| | 565-578 | | 1 | |
| | 568-578 | | 1 | |
| Тибериј | 580-581 | 1 | | 3 |
| | 578-582 | | 2 | |
| Маврикиј | 582- | 1 | | 1 |
| Неодредени | 569-570 или 578-579 | 1 | | 13 |
| | 566-567 или 583-584 | 1 | | |
| | 565-581 | 1 | | |
| | 565-582 | 1 | | |
| | 578-583 | | 1 | |
| | VI век | 4 | 4 | |
| Вкупно | | 19 | 12 | 31 |

една или две простори со по триесетина монети откриени на подните нивоа. Групниот збир на тие монети дава слика многу слична со депото Стоби G. Во групните наоди на подните нивоа на куќите од доцниот VI век, покрај рановизантиски монети присутни се и монети најмногу од доцното царство, но се среќаваат и римски империјални и римски

провинцијални монети. Според тоа, очигледно е дека во VI век во Стоби, се јавува дефицит на пари во секојдневниот живот, заради што се користеле парите од претходните периоди.

Како што веќе спомнав, депото Стоби G страдало во пожар, па заради оштетеноста на монетите, 41, 9 % од нив не се идентификувани (Сл.11). Најмладата монета во ова депо му припаѓа на Маврикиј, но е со оштетен реверс, така што годината во која е искована за нас останува непозната.Terminus post quem на ова депо е еднаков на terminus post quem на претходно опишаните две депоа Стоби E и Стоби F, со што временски прецизно се



Сл.11.

определува културниот хоризонт на кој припаѓаат сите три депоа, во рамки на објекти за живеење во шестовековната населба на Стоби. Ниту меѓу поединечните монетни наоди не е откриена монета помлада од 584-585, така што годината 584-585 или евентуално следната го определува terminus post quem за престанокот на градскиот живот во Стоби, односно времето на неговото напуштање.

Депоа со terminus post quem 584-585 се најдени и во Прилеп на ридот Баба во фортификационен обејкт со прегледност на премините Плетвер и Дервен. Депото од 100

монети, од кои 51 се однесени во музејот во Прилеп. Застапени се монети на императорите од Јустинијан I до Маврикиј со најмлада монета до третата година на Маврикиј 584-585 год.[107]

Следно, во земјен сад јужно од епископската базилика во Баргала откриено е депо со 13 златни и 270 бакарни монети. Од златните монети, два солида и пет тремиза се емитувани во Константинопол за време на Јустин II (565-578) и шест тремиза за време на Тибериј II од истата монетарница. Бакарните се фолеси и полуфолеси емитувани а времето од владеењето на Анастасиј I до времето на Маврикиј. Најмлади идентификувани монета во овој наод се десет монети од третата година на владеењето на Маврикиј 584-585 година.[108]

Во 2000 година во изведбата на археолошко-конзерваторски работи на бедемот во Баргала, откриено е депо од триеесетина монети пред скалила во трем кои водат во простории за живеење. Идентификувани се 27 монети кои припаѓаат на императорите од Анастасиј I до Маврикиј. Според идентификацијата на авторите три од монетите на Маврикиј припаѓаат на емисијата 584-585 година, а една монета на емисијата од 601-602 година. Тие направиле ревизија на идентификацијата на Блага Алексова и го коригираат terminus post quem на оставата од 584-585 во 601-602 година.[109] Хаџи-Манева иако ја познава нивната идентификација таа сепак овие две депоа ги вбројува заедно со депоата со terminus post quem 584-585 година.[110] Овие остави имаат големо историско значење за нас, бидејќи можат точно да се датираат и да се поврзат во инвазијата на Аварите и Словените.

[107] Кепески К., 1977, 181-193. Curta F., 1996, 153.
[108] Алексова Б., 2001, 93-102.; Curta F., 1996, 154.
[109] Нацев Т., Јовановска Б., 2005, 185-194.
[110] Хаџи-Манева М., 2013, 1053; Хаџи-Манева М., 2009, 128-129.

## VI.3. Депоа Стоби Н и Стоби I

Во 2012 година беше продолжено со ископување на секторот Полукрушен плоштад и беа ископувани повеќе простории околу полукружниот плоштад. (Сл.12.) Во една од просториите, Просторија 9 во североисточниот агол во слој од срушен плитар кој припаѓал на ѕидот кој ја дели оваа просторија до просторијата 10, откриени се четири златни монети. Додека пак во просторијата 10, на подното ниво откриен е депозит од 43 бронзени монети.[111] Депото од златни монети последователно е наречено депо Стоби Н, а депото од бронзени монети е наречено депо Стоби I.




Сл.12.

[111] Талевски Х., 2012, 8-16.

Депото Стоби Н содржи четири добро сочувани тремизи. Сите четири тремизи се исковани во Константинопол. Двата тремизи се исковани во името на Јустинијан I во 527-537 година, еден тремиз е искован во името на Јустин II во 565-567 година, последниот тремиз е искован во името на императорот Тибериј II  во 578-582 година.

**Каталог на депото Стоби Н**

Јустинијан I (527-565)

1. Тремиз, Константинопол, 527-537 год.
   *Ав.*[DN I]VSTINI-ANVS PP AVC
   Биста во профил, надесно.
   *Рев.*VIC[TORIA] AVGVSTORVM
   Викторија во едната рака држи венец, во другата глобус кругигер, во д. поле ѕвезда. Во отсечокот CONOB.
   AV; 1.50 г. 16 мм. ↓
   MIB 19
   M-12-922; НУС-А-М-2367.





Јустинијан I (527-565)

2. Тремиз, Константинопол, 527-537 год.
   *Ав.*DN IVSTINI-ANVS PP AVC
   Биста во профил, надесно.
   *Рев.*VICTORIA AVGVSTORVM
   Викторија во едната рака држи венец, во другата глобус кругигер, во д. поле ѕвезда. Во отсечокот CONOB.
   AV; 1.47 г. 16.5 мм. ↓
   MIB 19
   M-12-923; НУС-А-М-2368.





Јустини II (565-578)

3. Тремиз, Константинопол, 565-567 год.

*Ав.*DN IVSTINVS PP AVC

Биста во профил, надесно.

*Рев.*VICTORIA AVGV[STORVM]

Викторија во едната рака држи венец, во другата глобус кругигер, во д. поле ѕвезда. Во отсечокот CONO[B].

AV; 1.44 г. 17 мм. ↓

MIB 11

М-12-924; НУС-А-М-2369.





Тиберij II (578-582)

4. Тремиз, Константинопол, 578-582 год.

*Ав.*dm CONSTANTINVS PP AI

Биста во профил, надесно.

*Рев.* ЧICTORTIЬERIAЧG

Крст, во отсечокот CONO[B].

AV; 1.48 г. 16 мм. 7

MIB 7

М-12-921; НУС-А-М-2366.





Депото Стоби I е откриено во просторија 10 (Сл.12) на подното ниво. Во просторијата на подот се откриени пет масивни фрагментирани питоси и два помали

целосно зачувани вкопани во самиот под. Меѓу поинтересните наоди покрај депото најдени се бронзена фибула, коскен чешел, два дела од железна клучалка. Во источниот агол на просторијата се откриени остатоци од фурна. (Сл.13-14)



Сл.13

Сл.14



Депото содржи монети од пет императори и е опфатен период од околу 62 години што укажува на фактот дека се работи за штедени пари. Најстари монети во ова депо се двете монети од времето на Јустин I, (518-527) од најголемиот номинал 40 нумии, исковани едната во 518-522 година, а другата 522-527. (кат. бр. 1-2) Едед фолис искован во Константинопол во 527 година му припаѓа на заедничкото владеење на Јустин I и Јустинијан. (бр.3) Јустинијан (527-565) е застапен со 10 монети, 2 фолеси и еден полуфолес ковани во Константинопол (бр. 4-6), 3 фолеси продукт на Никомедија (бр. 7-9), 1 фолес од Кизик (бр.10), еден фолес (бр.11) од Антиохија и 1 полуфолеси (бр. 12) од Тесалоника. Монета со реден број 13 во каталогот исто така му припаѓа на Јустинијан но е оштетена и не сме во можност да ја идентификуваме ковницата. Најбројни се монетите на Јустин II (565-578), вкупно 19 (бр. 14-33), четири фолеси ковани во Константинопол , еден фолес

искован во Никомедија, 13 полуфолеси исковани во Тесалоника, еден полуфолес е искован од подвижна војничка ковница и на еден полуфолес не му е одредена ковницата. За време на Тибериј (578-582) бележиме пад на бројноста на монетите. Тибериј е застапен со 3 полуфолеси ( бр. 34-36) ковани во Тесалоника. Маврикиј (582-602), од чие време имаме 2 полуфолеси (бр. 37-38), исто така продукт на Тесалоника.  Пет монети не се доволно сочувани за да бидат прецизно идентификувани.

| Владетел | Година | Ковница | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | CON | | NIK | TES | KIZ | ANT | X | | MMI | |
| | | 40 | 20 | 40 | 20 | 40 | 40 | 40 | 20 | | |
| Јустин I | 518-522 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| | 522-527 | | | | | | | 1 | | | |
| Јустин I I<br>Јустинијан I | 527 | 1 | | | | | | | | | 1 |
| Јустинијан I | 541-542 | 2 | | 1 | | | | | | | 10 |
| | 542-543 | | 1 | | | | | | | | |
| | 544-545 | | | | | 1 | | | | | |
| | 546-547 | | | 1 | | | | | | | |
| | 548-549 | | | | | | | | 1 | | |
| | 553-554 | | | 1 | | | | | | | |
| | 562-563 | | | | 1 | | 1 | | | | |
| Јустин II | 566-567 | | | | 1 | | | | | | 19 |
| | 567-568 | | | | 1 | | | | | | |
| | 568-569 | | | | | | | | | 1 | |
| | 569-570 | | | | 1 | | | | 1 | | |
| | 570-571 | 3 | | 1 | | | | | | | |
| | 571-572 | 1 | | | | | | | | | |
| | 573-574 | | | | 2 | | | | | | |
| | 574-575 | | | | 1 | | | | | | |
| | 575-576 | | | | 3 | | | | | | |
| | 577-578 | | | | 1 | | | | | | |
| | 565-577 | | | | 1 | | | | 1 | | |
| Тибериј | 578-579 | | | | 1 | | | | | | 3 |
| | 579-580 | | | | 2 | | | | | | |
| Маврикиј | 583-584 | | | | 1 | | | | | | 1 |
| Неодредени | | | | | 7? | | | | | | 7 |
| Вкупно | | 7 | 1 | 4 | 23 | 1 | 1 | 2 | 3 | 1 | 43 |

Што се однесува до застапеноста на ковниците за време на Јустин I и Јустинијан, доминира Константинопол со 4 примероци и Никомедија со три, а Тесалоника, Кизик, и Антиохија се застапени со по еден примерок. По реформата на Јустинијан I во 538 година е интезивирана активноста на Тесалоника, па така оваа ковница го превзема приматот во

снабдувањето на провинциите на територија на Република Македонија со пари. Тоа е воочливо во ова депо со зголеменото присуство на примероци за време на Јустин II од Тесалоника , наспроти Константинопол и Никомедија. Монетите од времето на Тибериј и Маврикиј во ова депо, се исковани во Тесалоника, што значи дека Тесалоника е единствен снабдувач во времето на Тибериј и Маврикиј.




Со анализа на коригираната фрекфенција што произлегува во рамките на овој колективен нумизматички наод, висок процент на застапеност бележи емисијата од 541-542 година, највисок процент на застапеност има емисијата од 570-571 година, па емисијата од годината 575-576 има иста вредност како и годината 570-571. Следните емисии имаат помал процент на застапеност.

Најмлада монета, монетата што го одредува *terminus post quem* на ова депо е монетата на Маврикиј (реден број во каталогот 37) од втората година на владеењето на Маврикиј т.е. 583-584 година. Ист terminus post quem имаат и претходно откриените депоа

во Стоби, Стоби B, Стоби C и Стоби D. И во Хераклеја во две градби лоцирани над гледалиштето театарот откриени се две депоа со монети кои им припаѓаат на владетелите од Јустинијан I до Маврикиј со terminus post quem 583-584 година. Едната остава брои 84 бронзени монети од кои 55 се идентификувани, а другата 11 монети.[112]

[112] Јанакиевски Т., 1978,189-204.

## VI.4. Монетна циркулација во Р.Македонија во VI век

Преминот од доцноримски во рановизантиски монетарен систем бил означен со монетарната реформа спроведена од Анастасиј I (491-518) во 498 година. Реформата го опфатила бакарното монетоковање, а златните солиди, семиси и тремиси останале непроменети и го следеле стандардот воспоставен во IV век. Покрај драстичното зголемување на тежината во однос на доцноримските монети, новите бакарни пари добиле и ознака за вредност, според хеленскиот нумерички систем, која била забележана на нивната реверсна страна. [113]

Во 538 година се случила уште една значајна реформа од страна на Јустинијан I (527-565) била воведена индицискаta година на реверсната страна на бакарните пари. Јустин II (565-578) пак ја редуцирал тежината на фолисот на 13.5 грама, а биле прековувани и монети на неговиот предходник. Ова е карактеристично за изданијата на Тесалоника, која во првите години од неговото владеење кога врз монетите од 16 нумии се прековуваат дваесетнумиски деноминации. Од иконографски аспект Јустин II е препознатлив преку претставата на владетелската двојка на аверсот на фолесите.

Периодот на владеењето на Маврикиј (582-602) бил одбележан со постојани војни, од една страна војната со Персија, како и упадите на Аварите и Словените кои се почесто го минувале Дунавскиот лимес и ја пустошеле Византиска Империја за што, меѓу другото, сведочат и големиот број депоа со пари што се откриваат денес.[114] Во источниот дел на Византиската Империја, само Константинопол и Тесалоника издавале златни монети, а во останатите ковници биле произведувани бакарни пари. Сребреното ковање , во овој дел на Империјата било многу ретко и било сведено на мали емисии и речиси не постоело во овој дел на Империјата.[115]

Златните монети кои се во циркулација во VI век потекнуваат само од две ковници, Константинопол и Тесалоника, со тоа што Константинопол диструбуирала пари низ целиот

[113] Христовска К., 2012, 122.
[114] Хаџи-Манева М., 2013, 1035-1037.
[115] Христовска К., 2012, 122-123.

VI век додека Тесалоника само во периодот на владеењето на Анастасиј I (491-518), Јустин I (518-565) и Јустинијан I (527-565), но во значително помал број од константинополската. Што се однесува на бакарните пари до 538 година доминатен снабдувач била константинополската ковница, од каде во најголема мера биле испраќани 40 нумиски деноминации. Помалите номинални единици, 20 нумии и 5 нумии, поретко се наоѓаат. По реформата на Јустинјан I во 538 година и интезивирањето на активноста на Тесалоника, оваа ковница постепено го презела приматот во снабдување на провинциите на територија на Република Македонија. Имено, Република Македонија, а пред се територијата која припаѓала на провицијата Македонија Секунда, е една од ретките области каде што има зголемено присуство на 16 нумиски деноминации емитувани во Тесалоника.[116] Шеснаесет нумии и деноминациите осум, четири и две, се воведени од Јустинијан I[117] и се ковани само во времето на Јустинијан I исклучиво во Тесалоника.

Во времето на Јустин II (565-578) доминантна улога во дистрибуцијата на бакарни пари на територија на Македонија имала тесалоникиската ковница. Покрај нејзините изданија, меѓу наодите се застапени и примероци емитувани од Константинопол, но и четириесетнумиски деноминации произведувани во источните визнатиски ковници – Никомедија, Кизик и Антиохија. Во текот на владеењето на Тибериј (578-582) и Маврикиј (582-602), Тесалоника била единствената ковница од која биле дистрибуирани бакарни пари на територијата, којашто претходно и припаѓала на Македонија Секунда, како и Македонија прима, додека во Дарданија и Нов Епир има мал процент на монети, пред се четириесет нумиски деноминации емитувани од Константинопол, Никомедија, Кизик и од Антиохија. По 585-586 година, продукцијата на пари на Тесалоника започнала да се намалува. Во последните години на векот, не само Тесалоника туку и Константинопол, Никомедија и Кизик имале намалена продукција на пари што укажува на сериозна финасиска криза предизвикана од постојаните војни, кои ја исцрпиле државната каса.[118]

[116] Хаџи-Манева М., 2013, 1043-1048.
[117] Metcalf M.D., 1984., 126.
[118] Хаџи-Манева М., 2013, 1043-1048.

## VI.5. Историските настани и нивното влијание во Стоби во VI век

По Хунското уривање во средината на V век започнува т.н. постурбана градежна фаза во Стоби. За време на ископувањата, врз сите доцноантички стамбни објекти констатирани се примитивни објекти со неградски обележја. Ѕидовите им се фундирани врз поранешните мозаични и други подови, а градени се од материјал собран од постари урнатини и врзани со кал. Основите на овие куќи и колиби се неправилни, тие се




Stobi in 6th century AD.

вклопувани во урнатините од римските градби. Од друга страна на крајот на петтиот почетокот на шестиот век се случува монуметалната обнова на Епископската Базилика[119] и изградбата на Полукружениот плоштад наспроти Базиликата со трговскиот кварт на работилници и продавници распоредени позади плоштадот.[120] Со овие активности овој дел

[119] Снајвли К.С., 2018, 287-302.
[120] Николовски Д., 2018. 308-341.

од градот станува најатрактивен во ова време, градскиот центар е поместен на горната тераса во југозападниот дел на градот.

Во 517/18 година поголема група на Гети (веројатно Куртигурите) продреле преку Дунав, до Термопилеите на југ. Но по се изгледа градот Стоби тогаш не страдал. Истиот народ ( сега забележан како Хуни од Прокопие) продрел по истиот пат во 539/40 година до Халкидик на југ. Во Стоби нема траги и од овој поход. [121] Во 559 година, како што исвестува античкиот историчар Агатиј, повторно се случил упад на хунските Куртигури. Во Република Македонија, а историски гледано, пред се во рамките на административната граница на провинциите Македонија Прима и Македонија Секунда, по долината на реките Вардар и Струмица се откриени 11 остави со terminus post quem 552-562 година кои сведочат за овој упад на Куртигурите.[122] Во Стоби сеуште не е откриена остава со овој *terminus post quem*.

Според Менандар , во 581 година во Тракија се собрале повеќе од 100 000 Словени (бројка која евидентно е предимензионирана) за да ги ограбат Тракија и другите земји. На истата година веројатно се однесува и познатиот податок од Јован Ефевски, според кој, почнувајки од 581 година, “ *проклетиот народ Склавените’* кои во продолжение на четири години “ *секавично ја опустошија цела Елада, областа на Солун и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини*” заседнувајки на земјата “ *како господари, како на своја , без страв*” . Од друга страна, Евгариј, кој бил современик на случувањата во времето на Маврикиј вели: “... *Аварите стигнаа двапати до Големиот ѕид, Сингидун, Анхијал, цела Хелада и други градови и тврдини освоија и ограбија, уништувајќи и спалувајќи се, бидејки огромната војска престојуваше на исток*..” Исто и античкиот историчар Теофилакт Симоката дава податок за освојувањето на Сингидун, Виминациум, Августа и Анхијал. Истиот тој, Теофилакт Симоката известува дека во пролетта 585 година Словените наведени од каганот ја опустошиле Тракија и стигнале до Големиот ѕид, а во есента истата година Аварите го прекинале мирот со Византија. Известувајки за овој настан Теофилакт

[121] Микулчиќ И., 1995, 249-251; Микулчиќ И., 2003, 105-106.
[122] Хаџи-Манева М., 2013, 1050.

Симоката вели: " *оној таму* (мислејки на каганот) *не мирува, туку ја ограбува Европа и ги пустоши градовите*" [123]

Аваро – Словенските пробиви се причина за напуштање на градскиот живот во Стоби. Во Стоби се откриени повеќе депоа со бронзени монети со *terminus post quem* 583-584 и 584-585 година, што воедно е и *terminus post quem* за престанокот на градскиот живот во Стоби. Кога точно се случило напуштањето на Стоби не можеме со сигурност да одговориме од неколку причини. Прво продукцијата на пари на Тесалоника по 585-586 година е значајно намалена,[124] а Тесалоника е единствен снабдувач на пари во текот на владеењето на Тибериј (578-582) и на Маврикиј (582-602) на територијата којашто претходно и припаѓала на Македонија Секунда[125] чиј главен град бил Стоби. Освен тоа во Стоби во контекс на трговко-резиденцијалниот комплекс каде се откриени депото E, F, G, H и I забележано е присуството на керамички садови кој се појавуваат во продукциските центри во северна Африка на самиот крај од VI век, односно почетокот на VII век и се типични за целиот VII век,[126] со што времето на напуштање на градот се поместува на крајот од VI почетокот на VII век.

[123] Хаџи-Манева М., 2013, 1052-1054; Панов М.Б., 2013, 1111;
[124] Metcalf M.D., 1984., 117.
[125] Хаџи-Манева М., 2013, 1047.
[126] Радњански Ј., 2018, 380.

# VII. ЗАКЛУЧОК

Пред империјалниот период во Стоби како мала населба во Римската провинција Македонија е одбележан со депо од 504 римски републикаски денари. Содржината на ова депо е типична за Италското копно и потполно се разликува од циркулацијата на монети од македонски ковници својствена за период во овој регион. Меѓу денарите најдена е и една атинска тетрадрахма, што укажува на тоа дека овие пари се извлечени од циркулација од Италија и околу 120 г.п.н.е. се донесени преку Јадранско море во Грција и потоа случајно донесени во Стоби. Исто така се претпоставува дека сопственикот на овие пари бил во контакт со Грција како трговец, војнички платеник или пират.[127] Стоби иако сеуште мала населба на крајот на вториот век пр.н.е., но поради добрата географска положба бил посетен од трговец или војнички платеник кој ги засолнил своите пари во Стоби, а најверојатно поради инвазијата на Скордисцити сопственикот на парите не бил во можност да се врати по своето богатство.

По турбулентните години за време на Јулиј Кајсар и времето на Октавијан и Антониј, за време на Август во Македонија владее мир и политички систем кој обезбедувал трајна сигурност и прогрес на економијата. Провицијата без постојана војска, далеку од било каква воена активност, ужива спокојсто до средината на III век. Токму затоа во првите векови на империјалниот период не е забележано депонирање на пари во Стоби. Единствено депо од империјалниот период е депото откриено во објектот наречен Римски Форум кое содржи 50 денари, 254 антонинијани и 1 сестерциј. Најмладото издание во ова депо е монета на императорот Галиен, антонинијан со претстава на Сол, искован во Медиоланум, датиран 257/8 година.[128] Величенствената, раскошна двоспратна градба од Римскиот форум со префинет архитектонски стил, со ѕидови со ниши и пиластри покриени со мермерна оплата, псевдо капители, сликање во горните зони, била насилно разрушена. Рушењето е проследено со пожар. Несомнено пустошењата на Херулите и Готите во 267 или 268 година го зафатиле Стоби и Форумот како централно јадро на градот. Депото од денари и

[127] Crawford M., 1973,1-21.
[128] Јосифовски Р., 2010, 82-89.

антонинијани останало да лежи во слојот шут направан од разрушувањето на објектот од оваа варварска наезда.

Во доцноантичкиот период кој е прилично нестабилен период, биле засолнети повеќе депоа во Стоби. Меѓу депоата најран датум на депонирање има депото составено од девет добро сочувани нумуси, чиј *terminus post quem* е 311 година. Депото е најдено со сондажни ископувања во резиденцијалниот простор над трговскиот кварт од Полукружниот плоштад. Депо со сличен *terminus post quem* - 310 година е откриено во с. Петралица, западно од Крива Паланка. Депото е откриено во 1950 година и е многу побројно од стобското, содржи 377 нумуси. Ривалството помеѓу Ликиниј и Константин за превласт над диецезите Мезија и Македонија во период од 312 до 324 година било причина за натрупување војска во овие краишта истоврмено тоа е причина за поголемо присуство на монети и нивно депонирање.

Со ископувањата на театарот откриени се три депоа. Едното депо содржи 206 бронзени монети емитувани од Константиј II, Констанс, Константиј Гал и од Јулијан II. *Terminus post quem* на ова депо е 355-361 година. Другото депо содржи 4 солиди и 74 силикви и има *terminus post quem* 378-383 година. Третото депо е составено од 70 бронзени монети и е со *terminus post quem* 383-388 година. Две од депоата се најдени во сценската зграда, едното во централна просторија, а другото во североисточниот агол на просторијата V. Третото депо е најдено во источниот радијален коридир во отвор за греда на внатрешното лице од источната аналема. Сите три депоа се најдени во култерен хоризонт кога веќе театарот излегол од употерба и служел како извор за градежен материјал поради новите културни, регилиозни и генерални општествени текови.

Монетите од депото со *terminus post quem* 355-361 година се емитувани во краток временски интервал од 14 години, односно во периодот меѓу 347 и 361 година. Застапени се императорите Константиј II (337-361), Констанс (337-350), Константиј Гал (351-354) и Јулијан II (360-363). Депото брои 206 монети од



кои 112 т.е. 55 % припаѓаат на емисијата 355-361година.[129] Присуството на пари во ова депо потполно одговара на циркулацијата на монети во оваа временска рамка. Во 348 година Константиј II и Констанс воведуваат нумуси со поголема тежина, ова довело до намалување на парите во циркулација. Во следните години тежината на бронзените монети се намалува што довело до инфлација, па така меѓу 358 и 361 година квантитативно било зголемено присуството на бронзени монети со редуцирана тежина чие потекло во најголем дел било од ковницата Тесалоника.

Истовремени со ова депо во Република Македонија  има уште два вакви наоди. Првиот е од с. Дубровица и содржи 202 бронзени монети од Константин I, Констанс Константиј II, Константин II и Далматиј. Вториот е откриен во регионот на Прилеп и содржи околу 300 бронзени монети емитувани  од владетелите на Константиновата династија. [130] Од историски аспект годината 361 е одбележана со смртта на Константиј II. Константиј II побарал од Јулијан, кој бил стациониран во Галија со дел од војската да земе учество во војните против Персија. Во 360 Јулијан е прогласен за август од војската и набрзо тој се упатил кон Константинопол поминувајки низ овој дел од Балканот. Со смртта на Констанитј II тој постанал единствен владар и во декември 361 година слободно влегува во Константинопол.[131]

Во депото од 4 солиди и 74 силикви преовладуваат монети исковани во ковници кои припаѓаат на префектурата Ориент, додека Стоби припаѓа на префектурата Италија-Илирик-Африка. Поради ова се смета дека овие пари биле донесени во Стоби најверојатно од префектурата Ориент.[132] Засолнувањето на пари од различни метали во овој период е карактеристично за Велика Британија и за Западна Европа, а најголем број депоа со силикви на Балканот се откриени во Романија, чија територија била надвор од Римската империја, поради што се претпоставува дека тие пари биле користени во трговија со варварите.[133]

Од историски аспект, годината 378 е карактеристична по смртта на Валенс, кој ја предводел римската војска која требала да ги разбие Готите и да ги стави под државна

[129] Vinčić Ž.,  Hadži-Maneva M., 2000, 58.
[130] Хаџи-Манева М., 2013, 1042-1043.
[131] RIC VIII, 16.
[132] Хаџи-Манева М., 2001, 71-83.
[133] Хаџи-Манева М., 2013,1040.

контрола. До судир дошло на 9 август 378 год. кај Хадрионопол ( денешно Едрене), при што римската војска доживеала тежок пораз, царот Валенс го загубил животот. По овој настан Готите пустошеле по Балканот. Веројатно упад на варвари била причината за засолнување на ово депо од Стоби кој веројатно биле во сопственост на некој воен официр или пак трговец кој дошол во Стоби заедно со своите пари.

Третото депо откриено на Театарот содржи 70 бронзени монети и е откриено во ѕидот кој припаѓа на источната аналема во правоаголен отвор за скеле. *Terminus post quem* на ова депо е 383-388 година. Годината 388 е значајана по престојот на Теодосијан I во Стоби, од каде се упатил во Скупи. По краткиот престој во Скупи тој се справил во војската на узурпаторот Максим кој ја имал запоседнато Италија. По ова Италија му била вратена на Валентијан II, а со Илирик управувал Теодосијан. Но несредената воена состојба во Македонија и покрај спроведените административни промени го оневозможувала реализирањето на договорот за конечно изделување на префектурата Илирик од Италија. Раководен од овој мотив, Теодосиј во 390 година го назначил Готот Бутерих за командант на војските во Илирик и го испратил во Македонија со задача да обезбеди воена контрола и де се справи со заседнатите готски елементи на македонска територија. Меѓутоа самоволието на Бутерих резултирало со востание во Солун. По ова во 391 година Теодосиј земал лично учество во воената кампања против Готите во Македонија со која целосно биле разбиени готските сили. Присуството на Теодосијан I и неговата кампања против Готите наверојатно е причината за засолувањето на овие пари.

Просторот пред Порта Хераклеја е користен за погребувања до IV век, а потоа истиот простор е користен за живеење. Генерално оваaа последната фаза е окарактеризирана со трошна архитектура, со ѕидови од кал и камен, каде се најдени две депоа. Едното депо составено од 60 бронзени монети е пронајдено во конструкција од мали аморфни камења кои оградуваат простор од неправилен круг со дијаметар од 0,15-0,20 м. Во непосредна близина на одалеченост од 0,50 м. откриени се 209 монети. Од истаржувачот е наведено дека можеби е истото депо само растурено од подоцнежни интервенции , а со прелиминарната идентификација се увиде дека депоата имаат многу сродна содржина што оди во прилог дека станува збор за едно депо. *Terminus post quem* на ова депо е монетата на Валентинијан III искована 430-437 година.

Околу средината на V век балканските простори биле изложени на голема опасност. Хуните, доселени во Панонија, секоја година превземале стравотни походи во кои ги освоиле и засекогаш уништиле речиси сите римски градови во Средна и Западна Европа, допирајки до Средна Италија на југ. Во 447 година Атила ги повел војските кон Константинопол, но во последен момент се откажал од него, ја уништил источно-римската армија на Галиполе, а потоа Хуните ги освоиле и ги урнале градовите во Мезија и Тракија, Македонија, Тесалија, Стариот и Нов Епир. Есента го затекнала Атила пред Термопилите на југ, и тој, изморен од уривањата и претоварен со плен, тргнал назад кон зимските престојувалишта во Панонија. Во тој поход настрадале голем број градови, а најголем дел од нив засекогаш ги загубиле своите градски обележја. Во овој поход настрадало и Стоби. Бедните куќарки, од овој субурбиум кои биле фундирани директно врз гробовите и таквото богохулство можело да се оправда само со голема опасност во која се нашло домашното население од околината на Стоби. Субурбиумот подигнат директно врз некрополата во доцниот IV век, наскоро во средината на V век како најнезаштитена зона од градот надвор од градските бедеми страдал со Хунските напади.

Обратно од погоре наведеното, просторот над Римскиот Форум т.е попрецизно просторот над Храмот како најмлада фаза во последните децении на IV век е користен како некропола. Гробовите се сиромашни и најчесто без гробни прилози, но во два од гробовите се најдени групни наоди од бронзени монети. Едниот наод е составен од 11 монети сместени во коскен цилиндричен предмет, а другиот брои 35 монети. Двата наоди содржат монети на Константиј II, Валентинијан I и Валенс.

По Хунското уривање во средината на V век започнува т.н. постурбана градежна фаза во Стоби. Основите на овие куќи и колиби се неправилни, а каде што било можно, тие се вклопувани во урнатите римски градби. Шестиот век исто така е одбележан со повеќе варварски упади. Поголема група Куртигури продреле преку Дунав до Термопилите во 517-518 година, потоа во 539/40 истиот народ продрел по истиот пат до Халкидик. Во 559 година повторно се случил упад на хунските Кутигури, но ниеден од овие упади не е посведочен во Стоби. Истото го потврдуваат и повеќето бронзени депоа кои имаат *terminus post quem* 583/84 или 584/585.

Исклучок прават двете депоа од златни монети. Едното е составено од пет солиди со најмлада монета искована во 567/68 година, а другото е од четири тремиза и се со *terminus post quem* 578-582 година. Но бидејки овие наоди се од благороден метал – злато со тоа вредноста е поголема со тоа и векот на циркулација се зголемува и најверојатно и овие две депоа се засолнети по 584-585 година поради Аваро-Словенските инвазии. Што се однесува до бронзените депоа некои се окарактеризирани како штедни, на пример Депото F во кое се застапени шест императори со кој е опфатен период од 70 години, но поради долгиот век на циркулација на рановизантиски монети и присуството на доцноримски, римски и дури хеленистички монети во рановизантиски депоа, (на пр. Депото G) се појавува дека правењето разлика на хронолошка рамка ретко може да биде од помош во окарактеризирањето на депото[134] како депо од моментална циркилација или штедно депо.

На територија на Македонија досега се регистрирани 18 колективни наоди на пари со *terminus post quem* 583-584 и 584-585 година. Станува збор за депоата од Челопек (регион на Куманово), Скупи, [135] потоа седум бронзени депоа и две депоа со златни монети од Стоби, две депоа од Баргала,[136] Баба (регион Прилеп), [137] и Хераклеја.[138] Анализата на застапеност на емисии и ковници во депоата од Македонија покажува зголемување на паричната маса емитувана од ковницата Тесалоника во 583-584 година. Се разбира дека воените подоготовки, како и самите воени дејства бараат поголеми финасиски давачки, што условува и поголема продукција на пари. Во периодот по 580 година, кога, според Јован Ефески, Словените почнуваат да пустошат низ префектурата Илирик, има нормален оптек на пари, што упатува на претпоставка дека Словените не преставувале сериозна закана за Византија во овој период, туку заканата биле Аварите, кои 584 година стигнале до Хелада.[139]

Депоата со бронзени монети со *terminus post quem* 583-884 и 584-585 година откриени во Стоби всушност воедно се и *terminus post quem* за престанокот на градскиот живот во Стоби. Причина за напуштање на градскиот живот се Аваро – Словенските

[134] Curta F., Gandila A., 2011-2012, 47.
[135] Хаџи-Манева М., 2013,1053
[136] Алексова Б., 2001, 93-102.; Нацев Т., Јовановска Б., 2005, 185-194.
[137] Кепески К., 1977, 181-193.
[138] Јанакиевски Т., 1978,189-204.
[139] Хаџи-Манева М., 2013, 1053.

пробиви.  Кога точно се случило напуштањето на Стоби не можеме со сигурност да одговориме од неколку причини. Прво продукцијата на пари на Тесалоника по 585-586 година е значајно намалена,[140] а Тесалоника е единствен снабдувач на пари во текот на владеењето на Тибериј (578-582) и на Маврикиј (582-602) на територијата којашто претходно и припаѓала на Македонија Секунда[141] чиј главен град бил Стоби. Освен тоа во Стоби во контекс на трговко-резиденцијалниот комплекс каде се откриени депото E, F, G, H и I забележано е  присуството на керамички садови кој се појавуваат во продукциските центри во северна Африка на самиот крај од VI век, односно почетокот на VII век и се типични за целиот VII век,[142] со што времето на напуштање на градот се praместупа на крајот од VI почетокот на VII век.

[140] Metcalf M.D., 1984., 117.
[141] Хаџи-Манева М., 2013, 1047.
[142] Радњански Ј., 2018, 380.

## VIII. КАТАЛОГ НА ДЕПОАТА

### Каталог  Депо Стоби Е

| Аверс | | | | | Реверс | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Дијам. | Оска | Тежина | Знак | Офикина | Година | MIBE/MIB |

**Јустинијан I (527-565)**

Константинопол

40 нумии

DN IVSTINI-ANVS PP AVC
Фронтална биста на императорот со оклоп и шлем, држи глобус со крст и штит, во д. поле крст.

**М**. Горе крст, л. ANNO, д. година, долу офикина. Во отсечок CON.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 33 | **7** | 12,81 | | Г | 557-558 | 95a |

Кизик

20 нумии

DN IVSTINI-ANVS PP AVC
Фронтална биста на императорот со оклоп и шлем, држи глобус со крст и штит, во д. поле крст.

**К**. Горе крст, л. ANNO, д. година. Во отсечок YZ

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 27 | **12** | 9,67 | | | 545-546 | 121 |

Тесалоника

20 нумии

DN IVSTINI-ANVS PP AVC
Фронтална биста на императорот со оклоп и шлем, држи глобус кручигер и штит, во д. поле крст.

**К**. Горе крст, л. ANNO, д. година; доле TES.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | 24 | **6** | 5,09 | | | 562-563 | 180 |
| 4. | 23 | **6** | 5,19 | | | 563-564 | 180 |

**Јустин II**

Константинопол

40 нумии

DN IVSTI-NVS PP AVC
Јустин II и Софија со нимбуси, седнати на трон; тој држи глобус круцигер, а таа скиптар круцигер.

**М**. Горе крст, л. ANNO, д. година; долу офикина. Во отсечок CON.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | 34 | **12** | 16,03 | | B | 573-574 | 43d |
| 6. | 35 | **1** | 12,36 | | B | 576-577 | 43a |
| 7. | 30 | **7** | 13,54 | | E | 576-577 | 43a |

20 нумии

DN IVSTI-NVS PP AVC
Како претходната.

**К**. Горе крст, л. ANNO, д. година, долу офикина.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | 27 | **7** | 7,88 | | | 572-573 | 44a |
| 9. | 24 | **1** | 7,10 | | B | 574-575 | 44a |

Тесалоника

20 нумии

DN IVSTI-NVS PP AVC
Фронтална биста на императорот со оклоп и шлем, држи глобус со крст и штит, во д. поле крст.

**К**. Горе крст, л. ANNO, д. година. Во отсечок TES.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | 21 | **7** | 6,09 | | | 566-567 | 68a[143] |
| 11. | 22 | **6** | 5,26 | | | 566-567 | 68a |
| 12. | 23 | **6** | 6,19 | | | 567-568 | 68a |
| 13. | 22 | **5** | 5,77 | | | 565-568 | 68a |

DN IVSTI-NVS PP AVC
Јустин II и Софија со нимбуси, седнати на трон; тој држи глобус круцигер, а таа скиптар круцигер.

**К**. Горе знак, л. ANNO, д. година. Во отсечок TES.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | 24 | **7** | 5,48 | + | | 568-569 | 70a |

[143] На аверсот има траѓи од прековување врз 16 нумија (MIBE 169b).

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | 25 | **5** | 5,95 | + | 568-569 | 70a |
| 16. | 24 | 5 | 6,08 | + | 568-569 | 70a |
| 17. | 25 | 5 | 5,23 | + | 568-569 | 70a |
| 18. | 24 | 5 | 5,47 | + | 569-570 | 70a |
| 19. | 20 | **5** | 6,50 | θK$^{T}$C | 569-570 | 70c |
| 20. | 21 | **6** | 4,80 | + | 569-570 | 70a |
| 21. | 24 | **5** | 5,92 | + | 573-574 | 70a |
| 22. | 23 | **6** | 5,15 | + | 573-574 | 70a |
| 23. | 24 | **7** | 6,95 | +/M | 574-575 | 70b |
| 24. | 27 | **5** | 4,83 | θ+C | 574-575 | 70e |
| 25. | 21 | **6** | 5,82 | C+ | 574-575 | 70d |
| 26. | 23 | **6** | 5,73 | ф $^{+}$c | 576-577 | 70f |
| 27. | 21 | **5** | 5,38 | ф $^{+}$c | 577-578 | 70f |
| 28. | 20 | **à** | 20 | ф $^{+}$c | 577-578 | 70f |
| 29. | 21 | **7** | 5,13 | θ+C | 574-578 | 70e |

**Тибериј II (578-582)**
Тесалоника
20 нумии

∂m TIЬCONST-ANT PP AV(I)
Тибериј и Анастасија со нимбуси, седнати на трон. Тој држи глобус круцигер во д. рака, а таа скиптар.

**K**. Горе крст, л. ANNO, д. година; Во отсечок TES.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30. | 23 | **6** | 5,20 | 578-579 | 65 |
| 31. | 23 | **6** | 6,07 | 578-579 | 65 |
| 32. | 20 | **6** | 5,80 | 578-579 | 65 |
| 33. | 22 | **6** | 5,51 | 578-579 | 65 |
| 34. | 21 | **6** | 5,78 | 578-579 | 65 |
| 35. | 22 | **6** | 6,69 | 578-579 | 65 |
| 36. | 22 | **6** | 7,27 | 580-581 | 65 |
| 37. | 21 | **6** | 3,77 | 580-581 | 65 |
| 38. | 22 | **6** | 5,29 | 581-582 | 65 |
| 39. | 23 | **5** | 5,62 | 581-582 | 65 |

**Маврикиј (582-602)**
Тесалоника
**20 нумии**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ∂m TIЬCONS-TANT PP AV(I)<br>Тибериј и Анастасија со нимбуси, седнати на трон. Тој држи глобус круцигер во д. рака, а таа скиптар. | | | | **К**. Горе крст, л. ANNO, д. година; Во отсечок TES. | |
| 40. | 22 | **6** | 5,78 | 583-584 | 110A |
| DN TIЬERm-ANR(IC) PP AV<br>Како претходната | | | | Како претходната | |
| 41. | 21 | **6** | 6,14 | 582-583 | 110B |
